ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 06.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

**З А П И С Н И К**
**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА**

**Присутни:**

**Јавен обвинител**

Бесир Алиу

**Лице кое дава потребни известувања**
Министер во Министерство за здравство
Венко Филипче

**Записничар**
Фросина Стојановска

**Лични податоци:**

**Име :** Венко

**Презиме :** Филипче

**Име на таткото:** Илија

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted].

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1977 година,

**Единствен матичен број :** [redacted], идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонец

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Министер во Министерство за здравство

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во 11,55 часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум Министер за здравство во Владата на РСМ од декември 2017 година, од почетокот типот на работа која се трудев да го имплементирам, да се обидам со неколку зборови да кажам дека е инклузивен во смисла на тоа да во креирањето на политики се вклучени сите луѓе кои политиките ги засегаа. Пандемијата ме затекна на почетокот на минатата 2020 година некаде март април, во ситуација во која што не знаевме што не очекува, ни ние, ни целиот свет. Тоа веќе беше време на техничката Влада, целокупниот систем на координација започна со делот на епидемиологијата, односно дел на анализи, тестирања, анкети во смисла на откривање на заразени луѓе. Тогаш очекувањата беа дека вирусот ќе ги прати правилата на вирусите од истата фамилија, односно дека согласно искуствата од птичји и свински грип, Пандемијата ќе заврши во неколку месеци и така врз основа на тоа беа димензионирани мерките и препораките. Во смисла на полициски часови, ограничување на движењето на населението, општо, но тоа не се случи и пандемијата продолжи. Зошто го кажувам ова, бидејќи сакам да стигнам до поентата а тоа е да од еден дел на превенција и заштита на населението од новиот вирус Ковид, па до стигнавме, до ситуација да ни е потребно лекување на пациенти. Свесни дека немаме доволни болнички капацитети за инфективни болести, најпрво беше поставен шатор до Инфективна клиника кој го направивме со Армијата и оттука се наметна потребата за монтажни објекти, најпрво тоалети, а после и за сместување, тоа за потребите на Инфективната Клиника во Скопје. Таму беше ударот заради тоа што е главната клиника каде што ние имаме доволен број на инфектолози, мислам грубо околу државата 60-тиа, од кои 30-40 се во Скопје, а другите се диспрезирани низ болницата ширум државата. Некаде по еден, некаде по двајца, а некаде по ниеден. Понатаму имајќи го предвид број на пациенти кои почнаа да се сместуваат во модуларната болница, се наметна потребата за зголемен број на болнички кревети на секаде во државата. Следно во смисла на надградување на концептот беше да се направи одделено место за амбулантски прегледи за Клиниката за пулмологија, зошто поради тоа што амбулантата на пулмологија, а тоа е место каде што доаѓаат пациенти со респираторни проблеми, а болеста

веќе во светот докажано дека е со неспецифична манифестација што значи дека може да побара помош и од Клиника за пулмологија, а не само на Инфективна, а амбулантите на пулмологија заедно сместени со исти чекални до тогаш во малата зграда зад Интерна клиника заедно со Клиника за Гастро и Нефрологија каде што доаѓаат пациенти кои имаат потреба од дијализа или проблеми со стомакот, да ги одделиме физички, поради што се направи посебната амбуланта за Клиниката за пулмологија, дополнително инфраструктурата на надворешни скали од страна на Интерна клиника, да може докторите да практично изолирано не поминуваат низ сите Интерни клиники, туку директно да се спуштат во амбулантата во чело. До концептот за повеќе модуларни објекти на секаде низ државата стигнавме врз основа на овие искуствата во Клиниката за пулмологија и Инфективна и со тоа што пратевме што се случува во другите земји во светот. Дека единствен начин брзо да се направи капацитет е овој, да се направат дополнителни болнички капацитети е изградбата на вакви модуларни болници со префабрикувани монтажни контејнери. На овој начин ширум државата постигнавме две работи како Министерство за здравство, прво обезбедување на болнички кревет за секој еден пациент на кој што му е потребен болнички третман од Ковид, таму каде што имаше Инфективно одделение капацитетите се дуплираа, а таму каде што немаше ги имаше за првпат, зборувам за болницата во пример на Штип каде од прилика бројот на кревети се дуплираше, а во Кичево доби за прв пат Инфективно одделение и втората работа што за време на најсилните пикови овие капацитети беа целосно исполнети во подолг временски период во континуитет за време траење на брановите на наплив на пациенти заразени со Ковид 19, притоа не заостанаа другите струки за друга патологија, никаде ширум државата што значи дека доколку ги немавме овие дополнителни болнички капацитети, ни една друга патологија во здравствените установи ширум државата не би функционирале. Уште една работа да додадам дека и покрај овие близу 700 дополнителни кревети кои ги дадоа модуларните болници, болниците ширум државата организираа и други одделенија, интерна Хируршки или Педијатриски, да дадам пример само во еден момент во болницата во Кавадарци, само еден спрат работеше за друга патологија, а модуларната и останатите 3 – 4 катови на болницата, а во Скопје покрај целосно исполнетата Инфективна клиника заедно со модуларната, Клиниките за Неврологија, Кожни болести, Очно и Ушно и Нефрологија и ГОБ „8-ми Септември“ беа со Ковид пациенти, а клиниката за Кардиологија беше преполовена, односно вториот спрат беше пренаменет во Ковид центар, а Институтот за туберколоза беше исто така целосно Ковид центар, а Клиниката за гинекологија работеше со изолирани соби и сали во кои беа сместени родилките кои беа Ковид позитивни. Во моментот кога детската клиника во Козле беше Ковид центар за возрасни, деца со Ковид се лекуваа на да изолирани спратови на Клиниката за Педијатрија, а таа патологија се работеше на Клиниката за ревматологија и Ендокринологија беше Ковид Центар, односно целата стара Интерна, дополнително Центарот за рехабилитација беше испразнет целосно со цел да може да се користи како Ковид Центар и се сместија пациенти со Ковид, а за време на насилниот бран детската клиника во Козле беше наменета како Ковид центар за возрасни, а дополнително од

Хируршките клиники, Клиниката за Трауматоогија, Пластична хирургија и Урологија беа Ковид центри, оваа патологија се лекуваше на другите клиники, а токму овие клиники беа за Ковид центри затоа што се наоѓаа на првите катови од зградите. Така сака да сумирам без брзата изградба на дополнителните болнички капацитети на модуларните болници, односно без набавката на модуларните контејнери, здравствениот систем ќе колабираше, односно ќе имавме сценарио во кое што прво пациенти со Ковид, а друго пациенти од друга патологија, ќе немаше каде физички да ги сместиме. Сакам да кажам дека ова бараше прераспределба на кадарот, ние имавме секојдневни координации со директорите на сите Клиниките каде што се сместуваа Ковид пациенти и телефонска координација и на вајбер група со директорите на сите болници ширум државата, каде се најавуваа преполни капацитети и потреба да се сместат во Скопје и покрај целосно исполнети таму болнички капацитети. Инфективната клиника стручно ја координираше работата во сите Ковид центри во Скопје со помош на лекари специјалисти – пулмолози, кои одеа и правеа визита и даваа мислење на соодветна терапија, а ширум државата тоа го правеа колегите инфектолози, некаде само по еден заедно со колегите интернисти и медицински сестри. За цело време имаме систем на ротација односно лекарите и сестрите од градовите каде што имаа здравствени домови, а не болници ротираа или во најблиските градови или во Скопје за да им а доволно кадар за да се организираат смените. Само уште еден краток осврт на последниот бран на наплив на пациенти од ковид летото 2021 година најоптеретени беа градовите со пациенти на кои што име потреба хоспитализација, градовите каде што имаше најмал опфат со вакцинација, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, Куманово и Струмица, а најмногу Тетово од каде се наметна потребата да повторно се активираат Ковид центрите во Скопје по претходно најава дека целосно се исполнети капацитетите во тетовска болница, во еден момент и 120 пациенти и со координација на директорот Флорим Бесими и нашите директори на клиниките каде што повторно се активираа Ковид центрите и тоа Козле, Невро и Кожно, сместувавме пациенти од Тетово и многу помалку од Гостивар.

Што се однесува по однос на модуларните болници, односно набавката на префабрикуваните монтажни контејнери , можам да кажам дека дури има и препорака од Светската здравствена организација, за што ќе проверам дополнително и од Националниот т Институт за здравје на САД.

Модуларните болници се предвидени да функционираат како одделенија и тоа одделение за тријажа, односно проценка и преглед на пациентите, тоа значи служи како прием на соба, каде што треба да е сместен подвижниот рентген апарат и ЕХО, понатаму дел за лаболаториски испитувања, односно тестирања на пациентите за ковид вирусот и дел за сместување за третман, односно така наречен стационар, што значи прием и подолготрајно лекување на пациенти, лежечко лекување. Идејата за овие модуларни болници бидат составени токму од овие одделенија произлегува од концептот на лекување на пациенти со инфективна болест, а тоа е целосно да се изолирани од други пациенти, а се да не дојде до други пациенти. Односно

целта е да се заштити болницата во која што има други пациенти и други одделенија и со различна патологија, да не дојде до нивно мешање. Таму кај што можеше Ковид центрите се блиску до постојните инфективни болници, а таму кај што немаше просторни можности, во кругот на болницата.

Во овие модуларни болници предвидено е да се третираат само пациенти со Ковид 19, а најтешките пациенти односно со најтешка клиничка слика по претходна најава и проценка на лекарите во локалните болници се препраќаа во Скопје. Тешка клиничка слика кај пациенти подразбира дека му е потребен апарат за инвензивна или ненвензивна вентилација ( постари пациенти, со хронични болести или тие со многу ниска сатурација на кислород). Сите останати пациенти се третираа со полесна клиничка слика на кои пак од една страна исто така може да им е потребна кислородна поддршка ( со кислородна маска). Во најсилните бранови можам да кажам дека сите хоспитализирани пациенти им беше потребна една од формите на кислородна поддршка ( маска инвазивна или неинвазивна вентилација).

Сакам да појаснам дека пристапот на лекувањето на пациентите со ков 19 како во Инфективните со тврда градба, така и во префабрикуваните монтажни контејнери кои служат како модуларни болници е еднаков односно ова е дополнителен капацитет, односно модуларните болници и монтажните префабрикувани контејнери служат за зголемување на болничките капацитети.

Проценката за тоа дали на еден пациент и каков третман му е потребен најпрво одлучува докторот кој е во непосреден контакт со пациентот, понатаму докторот со медицинскиот директор на здравствената установа во координација со мене и со целата група која што ја сочинуваше сите директори со мене,.

На прашање на Јавен обвинител дали од страна на Министерот за здравство им се дадени одредени упатства и насоки по однос на функционирање на модуларните болници односно префабрикуваните монтажни контејнери, истиот одговори: не од причини што тие префабрикувани монтажни контејнери, односно модуларни болници служат само за зголемување на расположливиот болнички капацитет за лекување на Ковид пациенти кои пак се во склоп на установата односно болницата во која што се сместени тие контејнери, а за кој одлучува и раководи болницата на директорот, односно не ми е познато кој како се координира, меѓутоа кога станува збор за третман на пациенти, тоа е медицинскиот доктор.

На прашање на Јавен обвинител дали Министерот за здравство има издадено некакви упатства, насоки, протоколи за употребата на кислородот, како и инванзивни и неинвазивни кислородни мерки истиот одговори: не од причини што исто така нема и не сум издал од причини што како што кажав погоре секој директор си одлучува посебно за својата болница, меѓу кои спаѓаат и префабрикуваните монтажни контејнери, односно модуларните болници, но всуштината на лекувањето и третманот на пациенти со ковид 19 е дека во овие монтажни контејнери, односно модуларни болници,

Клиниката за инфективна и сите други Ковид центри беше инсталиран кислород, односно болнички кревет без кислород нема ефект, па дури и на Клиниките на кои што немаше кислородна поддршка, се инсталираше кислород до сите слободни и расположливите болнички капацитети, во сите погоре спомнати клиники.

На прашање на Јавен обвинител дали Министерот за здравство има издадено упатство по однос на употребата на кислородот во модуларните болници, истиот одговори: не за тоа си одлучуваше секој на доктор на болницата соодветно.

На прашање на Јавен обвинител дали по однос на составот на префабрикуваните монтажни контејнери, како за потребите на Инфективната болница во Скопје, така и за потребите и на останатите болници ширум републиката, односно за набавката во врска со Светска банка, дали Министерот учествувал, односно дал некакви напатствија, насока, какви контејнери, каков состав на материјалите, меѓу кои и како состав на модуларните болници се и ПУР панелите, истиот одговори: тоа го прваа стручни лица во Министерството за здравство. Стручни лица од кабинетот за здравство и од проектната единица при Министерството за здравство, каде работат инженери и архитекти, кои јас ги затекнат бидејќи они како проектна единица работа и на други проекти, односно оваа целата набавка, како и техничката спецификација, односно од стручен аспект припрема, изведба и слично, ја водеа Вања Андонова, Дамјан Христов и Божин Ложанкоски, а по потреба ги вклучуваа и дел од другите вработени, како во Министерството за здравство и во проектната единица., односно целото ова и започна најпрво со средства кои остана во Министерството за локална самоуправа, односно тие средства беа наменети за друга работа, а подоцна се пренаменија за набавка на дополнителни болнички капацитети.

На прашање на Јавен обвинител кој конкретно ја има изработено техничката спецификација, истиот одговори: дека дополнително ќе изврши проверки и ќе го извести Обвинителството и ќе достави материјални докази.

На прашање на Јавен обвинител дали покрај постојни законски регулативи, односно соодветен сопствен статут на работа на секоја здравствена установа, како и директор, директорот во зависност од бројот на вработените, управни одбори, стручни тела, дали Министерот за здравство им издал некакви упатства за работа на овие модуларни болници во склоп на болниците во кои што се инсталирани овие модуларни болници, односно префабрикувани монтажни контејнери, истиот одговори: немам никакви дополнителни, освен онаа меѓусебна групна комуникација преку вибер со сите директори на болницата, во која што се координиравме меѓусебно пополнети болнички капацитети во било кој град.

На прашање на Јавен обвинител како што наведовте првично биле поставени шатори во соработка со Министерство за одбрана, што имало внатре во шаторите, истиот одговори: Требаше да има внатре болнички

кревети, но видовме дека тој систем на модуларни болници односно со набавка на префабрикуваните монтажни контејнери – тоалети видовме дека тоа е посоодветно место за сместување на пациенти.

На прашање на Јавен обвинител рековте дека дојдоа тоалети – контејнери, истиот одговори: тоа се ВЦ за пациенти и за персоналот во форма на контејнер.

На прашање на Јавен обвинител рековте дека биле посоодветни: истиот одговори: шаторот беше како прва помош, односно за да влезе во него треба да се наведнеш, за евентуален наплив на пациенти, кој на друг начин не може да се изменаџира, а тоалетите беа посоодветни, односно имаа некоја тврда структура, висина, стабилност, врата, прозор и место каде што можеш да сместиш пациент.

На прашање на Јавен обвинител дали такви посоодветни контејнери нарачавте и поставивте кај Инфективна болница, истиот одговори: да.

На прашање на Јавен обвинител дали тие контејнери за кои кажувате дека се посоодветни имаа вентилација, имајќи во предвид епидемиолошкиот аспект и издишување на тие пациенти кои од себе исфрлуваат голема количина на вирусот Ковид 19, истиот одговори: тие контејнери имаат прозори и клими.

На прашање на Јавен обвинител дали климата врши прочистување на воздух, истиот одговори: условите за вентилација од таа модуларна болница до Инфективна болница се еднакви како во Инфективната болница. По однос на вентилацијата истите се условите и во болничките соби и во модуларните контејнери.

На прашање на Јавен обвинител дали тие контејнери во кои беа сместувани пациенти се сметаат како болници, истиот одговори: да како привремен карактер имајќи во предвид дека во одредени моменти на ниво во државата имаше и сместено и по 700 пациенти.

На прашање на Јавен обвинител дали идејата за модуларните болници беше за да тие се лекуваат, сместуваат на долготраен третман до излекување или имаа карактер на болници за долготрајно лекување или до излекување, или форма на стационар каде ќе дојдат пациенти со Ковид, ќе се прегледаат и ќе заминат, истиот одговори: да целта и на модуларните болници беше двоен, и како стационар за преглед на пациенти кои потоа заминувале, а и улога на стационар во болница каде пациенти ќе се третираат. Појаснувам дека ова зависеше од тоа дали болницата имаше посебна амбуланта за тријажа и покрај модуларната.

На прашање на Јавен обвинител кога е веќе донесена таква одлука да модуларните болници имаат и капацитет за сместување, што беше предвидено да тој контејнер каде лежат пациентите, што мора да содржи во таа просторија,

истиот одговори: не можам да кажам што треба да содржи соба, но тоа треба да содржи секоја модуларна болница, тоа што е напишано во спецификацијата.

На прашање на Јавен обвинител со оглед дека кажавте задолжително покрај секој кревет мора да има кислородна поддршка, имајќи во предвид дека тие пациенти се третираат со кислород, дали е предвидено во спецификацијата да има секој кревет кислородна поддршка, истиот одговори: обврската за кислородот, беше обврска на директорите на болниците.

На прашање на Јавен обвинител во која фаза директорите беа одговорни за инсталирање на кислородна поддршка, дали во текот на поставување на контејнерите, односно изградба на модуларните болници или отпосле откако ќе заврши целата изградба од страна на субјектот кој бил изведувач на работа, истиот одговори: немале обврска од мене како министер, тоа е проценка и работа на директорот на болницата.

На прашање на Јавен обвинител кажавте дека имавте координативно тело кој одлучувало за начинот на лекување за потребата за поставување на модуларните болници, дали во ниту еден случај не помисливте односно, дали беше задолжително да се стави во спецификацијата и кислородна поддршка, имајќи во предвид дека се работи за пациенти на кои им е неопходна таква кислородна поддршка, истиот одговори: прашањето на кислород е менаџирано од страна на директорот.

На прашање на Јавен обвинител дали требало да се стави во спецификацијата кога е објавена на јавен повик за изградба на модуларни болници и потреба од кислородна поддршка, како дел од опремата за лекување на таков вид на пациенти: истиот одговори тоа и понатаму останува на тоа дека директорите тоа го менаџирале, а ние односно зошто не е ставено во спецификацијата или е ставено, дополнително ќе ви одговорам откако ќе направам увид во истата, поради тоа што сето ова е постапка во Министерството за труд и социјална политика во која што немам увид.

На прашање на Јавен обвинител по однос на модуларните болници рековте дека гледавме по целиот свет како се изградени и на крај по чиј модел го избравте,истиот одговори: ние тоа го направивме, односно Министерството за здравство со концепт на модуларни болници дисперзиран ширум низ државата, во секој град да има Ковид центар и кадар на располагање. По однос на моделот, тип, квалитет, состав на монтажните контејнери за кои се одлучивме тоа го знаат техничките лица кои ги изработуваат овие карактеристики.

На прашање на Јавен обвинител кога Министерството за здравство се одлучи за ваков тип на монтажни контејнери за составот, квалитетот и моделот на вакви монтажни префабрикувани контејнери дали бевте запознати и дали Вие го одобривте, истиот одговори: не сум бил запознат, појаснувам првите два контејнери кои се поставени кај Инфективна болница во Скопје, никој не ми објаснувал за квалитетот, содржината на тие контејнери и други специфики, јас ги имам видено како целина без да навлагам од што се направени, што

содржат во себе, а по однос на другите модуларни болници низ цела држава тоа го раководеше Министерството за труд и социјална политика

На прашање на Јавен обвинител дали во проектната единица при Министерството за труд и социјална политика која раководеше со овој проект за набавка на модуларни болници имаше претставници од Министерството за здравство, истиот одговори: да, има.

На прашање на Јавен обвинител дали од страна на Министерот им се дадени одредени овластувања по однос на нивната улога во наведената проектна единица, истиот одговори: не јас немам дадено, тие работеа исклучиво во рамките и за потребите на проектната единица. Појаснувам дека тие се луѓе од Министерство за здравство кои се ангажирано во рамки на проектната единица во делот на Здравство. По однос на зборот дел од здравство подразбра дел од заемот од Светска бана кој целосно го води проектната единица во МТСП, а овие луѓе се за делот од заемот за нас.

На прашање на Јавен обвинител рековте дека Светската банка има доделено средства за Министерство за здравство и дека претставниците од Министерството за здравство кои беа дел од проектната единица работеле во МТСП, истиот одговори: со средствата кои беа доделени од Светска банка за Министерство за здравство со кои располагаше МТСП беа од причина што ние немавме проектна единица.

На прашање на Јавен обвинител рековте дека имате затекнато лица кои работела во проектната единица при Министерство за здравство, зошто тогаш сте ангажирале проектна единица од МТСП кога веќе сте имале и сте затекнале проектна единица во самото Министерството за здравство, истиот одговори: затоа што нашата проектна единица не е од Светска банка.

На прашање на Јавен обвинител дали тоа значи дека МТСП има проектна единица од Светската банка, истиот одговори: да.

На прашање на Јавен обвинител кои се тие учесници во таа проектна единица при МТСП, а биле проектна единица на Светската банка, истиот одговори: јас познавам еден или двајца едната е Бети, а другата не и го знам името, а можеби има и друга лица на кои јас не ги знам, а работат на проект за Светска банка.

На прашање на Јавен обвинител дали имале одредени протоколи донесени од страна на Министерство за здравство по однос на присуство или отсуство на цивилни лица во болниците каде биле третирани пациентите, истиот одговори: дополнително ќе проверам дали имало директна писмена наредба за забрана за посета во Ковид центрите, сметам дека е строго забрането влегување на цивилни лица, односно не болни во внатрешноста каде се третираат пациентите.

На прашање на Јавен обвинител дали имавте сознанија дека во тетовската модуларна болница и одделенија каде се третираат пациентите со

Ковид 19 покрај болничките кревети имало и цивилни лица кои им помагале на пациентите, истиот одговори: не.

На прашање на Јавен обвинител дали од страна на директорите од тетовската болница било побарано да се дополнат капацитетите за медицинските сестри и доктори кои помагаат кај пациенти болни со Ковид 19 истиот одговори: да проверам дали се влезени во системот на ротација преку наредбите за ротација.

На прашање на Јавен обвинител дали Министерот смета дека на стручните лица кои ја изготвиле техничката спецификација за префабрикуваните монтажни контејнери ги запазиле нашите односно важечките стандарди за квалитет во РСМ, по однос на вградените материјали и квалитет во контејнерите,истиот одговори: верувам дека да, посебно што Светска банка има нејзини стандарди за буквално секој дел од постапката вклучувајќи ги и одобрување на техничката спецификација.

Испитувањето заврши во 14,40 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**
Бесир Алиу

**Лице кое дава потребни известувања**
Министер во Министерство за здравство
Венко Филипче

**Записничар**
Фросина Стојановска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 11.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

**ЗАПИСНИК**
**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА**

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
Бесир Алиу

**Лице кое дава потребни известувања**
Министер во Министерство за здравство
Венко Филипче

**Записничар**
Фросина Стојановска

**Лични податоци:**

**Име :** Венко

**Презиме :** Филипче

**Име на таткото:** Илија

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1977 година,

**Единствен матичен број :** [redacted], идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонец

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Министер во Министерство за здравство

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во 11,55 часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

На ден 11.10.2021 година во 10,00 часот во просториите на ова Јавно обвинителство дојде Венко Филипче, со цел да ја донесе дел од документацијата која беше задолжен со записник од 06.10.2021 година, која ја прибавил до овој момент, а остатокот откако ќе ја прибават неговите служби, истата да ја прибави како и да ја достави до ова Обвинителство. Во прилог на овој записник е доставена побараната документација.

Испитувањето заврши во 14,40 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

Бесир Алиу

**Лице кое дава потребни известувања**
Министер во Министерство за здравство
Венко Филипче

**Записничар**
Фросина Стојановска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО.бр. 559/21
ТЕТОВО, 29.09.2021 година

Врз основа на чл.64, 89, 90 ст.1, чл.112 и чл.212 ст.2 од ЗКП, се составува следниот

# ЗАПИСНИК

## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
**м-р Лејла Кадриу**
**Ханефи Амети**
**Бесир Алиу**
**Дејан Петрески**
**Зорица Павловиќ**

**Сведок**
**АНДОНОВА ВАЊА**

**Записничар**
**Марица Филиповска**

Лични податоци на сведок:

Име: ВАЊА

Презиме: АНДОНОВА

Име на таткото: Душко

Место на раѓање: Скопје

Место на живеење: по лична карта на адреса Скопје [redacted] а моментално место на живеење на [redacted] - Скопје

Месец и година на раѓање: [redacted] 1974 година

Припадност на заедница: Македонка

Занимање: кабинетски службеник во кабинет на Министерство за здравство, со звање инжењер-архитект

Однос со обвинетиот и оштетениот: несроден, нескаран

Испитувањето на сведокот започна во 09:40 часот.

Идентитето на сведокот се врши преку лична карта [redacted] издадена од МВР Скопје.

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, лицето ќе се сослуша во својство на сведок, се предупредува дека е должен да го извести Јавниот обвинител за евентуалната промена на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Пред започнување со испитување, оштетениот е поучен дека:

Согласно чл.219 ст.2 и чл.216 од ЗКП, должен е да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, предупреден е дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, дека не е должен да одговара на одделни прашања доколку е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење, па сведокот изложи:

Јас сум вработена во Министерство за здравство од почетокот на 2018 година, а сега работам како кабинетски службеник на Министерот за здравство, а инаку по звање сум дипломиран инжењер-архитект.

Јас со Законот за државни службеници имам делегирани обврски директно под надлежност на функционерот односно Министерот за здравство и обврските ми се делегирани со закон и примам налози, односно работам се она што Министерот ќе ми каже, ќе ми побара, ќе ми каже што да сработам, односно јас сум на располагање на министертот 24 часа на ден и примам задолженија како што кажав директно од Министерот за здравство. Јас сум самохрана мајка и на препорака од мој познаник од Министерство за транспорт и врски кој ми кажа дека има потреба во Министерстрво за здравство од архитект-инжењер, бидејќи во Министерството за здравство нема такво вработено лице, бидејќи започнуваат многу проекти во Министерството за здравство, поточно нов Клинички центар, а како имаше и се работеше за 30% повисока плата од онаа плата што ја примав во Министерството за транспорт и врски, на барање на Министерот за здравство и мое барање, склучивме спогодба, а по одобрување од Министерот за траспорт за преземање и спроведување на постапка на мобилност во Министерството за здравство, а со решение на Министерот за здравство директно назначена во кабинетот на министерот, а работното место во транспорт и врски е ставено во минување. По завршување на мандатот на функционерот или по барање на државниот службеник, службеникот се распоредува на старото работно место кое му е во мирување. Имајќи го во предвид специфичниот карактер на работното место, сакам да дополнам дека јас не сум во роднински ниту во пријателски врски со Министерот за здравство. Првото вработување ми беше во Општина Зелениково како советник во Одделение за урбанизам и животна средина каде работев 5 години и после преземена од Министерство за транспорт и врски во секотор за уредување на простор во Одделение за урбана средина и хоризонтално е преземањето цело време сум советник и преземена од Министерот за здравство со истото решение, и на исто скалило.

Од почетокот на панденмијата кога Светска здравствена органцизација прогласи пандемија во светот со ковид - целиот здравствен систем беше мобилизиран и практично целиот терет со пандемијата беше на здравствениот сектор. Значи почнаа секакви иницијативи да пристигнуваат кај нас во министерството, разни донации, разни понуди на медицински средства, медицински помагала, и сите практично, бидејќи во таа цела мобилизација влезе и администарацијата, сите работевме се. Покрај мене имам уште двајцата кабинетски службеници, посебни советници тројца, и останати кои што се советници на министерот – еден од тие посебните советници е шефот на кабинетот, државен секретар и останатата администрација.

За време на таа цела мобилизација се работеше се, се што ќе ни дадеа. Во Министерство за здравсто беше отворена донациска сметка, на која пристигнуваат парични средства и од фирми од Македонија, но и од амбасади странски наменски за потребите за ковид-19, таа отворена сметка беше отворена како наменска сметка, за потребите на ковид-19. Исто така пристигнуваа и донации како непарични средства , во смисол на хируршки маски, за потребите на здравството, дезинфекциски средства, апарати разни и тоа апарати – медицинска опрема, јастуци, чаршафи и други потрошни материјали кои ги распоредувавме по другите болници. Посебен магацин се отвори за овие донации кај нас, каде што се складираат и имаше луѓе за примање на донациите и понатамошно распоредување. Со одлука на Владата се доделија средства за подобрување на здравствениот систем и се дадоа средства за реновирање на Клинички центар - инфраструктурно уредување и подобрување на условите, а се поради ковид пандемијата. Оваа одлука т.е средствата се доделија на градот Скопје и нивните јавни претпријатија, за реновирање на Клинички центар – односно подбрување на условите . Исто така паралелно во Министерството за здравство е формирана комисија за заразни болести која што работеше од самиот почеток на пандемијата. Таа беше мешана комисија и Институтот за јавно здравје, епидемиолози, инфектолзи и директори на Клиники,

директорот на здравствен дом –Скопје исто така беше член, државниот секретар, и на Иститутот за јавно здравје а кабинетот на Министерот за здравство администираше со комисијата, практично водеше записници.

Бидејќи инфективна клиника како клиника беше прва на удар, поради пристинување на голем борј на пациенти, а немаше никаков пристап до Инфективна болница, се отвори прашањето на еден од состаноците на Комисијата за заразни болести како да се решат инфраструктурните проблеми на инфективната болница. Со одлука на градот Скопје се пристапи кон инфраструктурно уредување за Клинички центар – Скопје и се отвори нов влез и излез директен од улицата 'Белградска'' до инфективна клиника со цел возилата да не вртата низ цел Клинички центар, туку да имаат директен пристап. Се отстранија медицинал бараките и тука требаше да биде паркингот и тоа да биде лесен пристап до Инфективна клиника. Меѓутоа се зголемуваше бројот на заразени од ковид, и практично ковидот почна да се шири многу брзо , добивме насока од Генерален штаб односно координативен кризен штаб при влада и добивме насоки од нив, да го израмниме теренот на претходните медицинал бараки, каде ќе се вклучи и армијата на РМ и ќе постави шатор – РОЛ 2 – така се вика од армијата. Така истото се прзентираше на еден состанок на Комисијата за заразни болести, со цел зголемување на капацитетите од болните ковид, при што армијата пристапи на монтирање и подигање на шаторите за прибирање на болните од ковид-19. Армијата го намести шаторот, како донација од ЕВН беше снабдување со струја во шаторот. Како го наместија шаторот и ставија 20 кревети монтирани и потоа се појави потреба за нови кревети.

По поставување на шаторите исто така, произлезе потреба за тоалети. Војската што ги имаше беа фактички неупотребливи и добивме сознаија дека Министерство за локална самоуправа имаат донација од швајцарска амбасада за монтирање на контејнери за рурални амбуланти. Тие ги пренасочија према инфективна клиника со одлука на Владата и понатаму Министерството за локална самоуправа требаше да спроведе постапка - итна постапка за ковид без објавување на огласи и тендери за набавка на контејнери за потребите на инфективна клиника и при тоа по завршување на потребата на инфективна клиника односно по завршување на ковидот, контејнерите требаше да се вратат на Министерството за локална самоуправа, а за потребата за руралните амбуланти.

Контејнерите беа прибавени за потребите на шаторите воени и тоа за тоалети и канцеларии за доктори, и понатаму по препорака на Комисија за заразни болсти, се прошири и за прибавување на болнички соби. При тоа кога се наместија тие соби околу шаторите од болнички од контејнерите, се уште шаторот беше тука монтиран. Кога се дислоцираше шаторот, односно кога го собра војската шаторот се додадоа контејнери за тријаж односно тоа е простор за прием и преглед на пациенти.

Појаснувам дека пред да ги достави наведените контејнери, Министерството за локална самоуправа спроведе итна постапка за преговарање без објавување на оглас.

Појаснувам дека постапката ја водеше Министерството за локална самоуправа, а во изработка на спецификациите учествуваат инжењери од Министерството за локална самоуправа и Министерство за здравство како и претставници на Швајцарската амбасада.

Во оваа фаза се задолжува првите спецификации за спроведување на набавката со преговарање да бидат доставени во ОЈО-Тетово во рок од 3 дена како и претходно спомнатите одлуки кои може да се употребата како поткрепа на изнесеното. Исто така ви напоменувам дека во Министерството за локална самоуправа, за овој тендер за набавка на контејнери се поништи. После поништување на наведента постапка која започна со преговарање на Министерството за локална самоуправа како што реков се поништи и веднаш утредента добивме насока од, не се сеќавам точно од кого добивме насока ние инжењерите од Министерство за здравстов, а кој ни дал насока дополнително ќе ви биде доставено во форма на записник, да се спроведе иста постапка повторно и итно. И така се презема од Министерство за локална самоуправа и се презема во

Министерство за здравство. Потоа во нашите огласи за преговарање, без објавување на оглас и учествуваат само инжењери од Министерство за здравство и претставници од швајцарска амбасада. Ние објавивме оглас во постапка за преговарање, без објавување на оглас за набавка на опрема , префабрикувани контејнери за потребите на Инфективна клиника, а тоа е некаде април или мај месец 2020 година. Имавме позитивно мислење од Биро за јавни набавки за спрведување на набавки по итност, за преговарање, без објавување на оглас. Кога се обративме до Биро за јавни набавки, појаснувам дека тука се пополнува само еден формулар, а кон барањето беше поткрепено со насоките кои ги добивме од Влада. Во време кога беше објавен оглас за набавка со преговарање претседателот на Комисија беше Љупчо Балковски, а беше технички директор на проектна единица во Министерството за здрвство. Исто така, појаснувам дека пред да се објави огласот, комисијата го истражуваше пазарот , односно инжењерите од проектната единица направија претходно истражување на пазарот до каде треба да се испратат покани за доставување на покани за тендерот за итност. Тука беа вклучени околу 20 инжењери, а потоа се достави покана до сите субјекти економски, кои се занимаваат со тој тип на работа, односно набавка на монталжно-демонтажни контејнери за Инфективна клиника, од причина што откако ќе се заврши потребата од тие контејнери требаше да се вратат на Швајцарската амбасада тие контејнери.

Доставивме до повеќе фирми и во оваа фаза се задолжува сите документи во врска со наведената јавна набавка која е направена со преговарање да бидат доставни во ОЈО-Тетово. Во оваа фаза се задолжува сведокот да ги достави сите наведени документи по однос на наведената преходна постапка како за истражување, така и до обраќање до економските оператори на кои им се обратиле.Таа постапка беше поделена на делови, постапката беше поделена на 3 дела, првиот дел подразбираше тоалети и канцеларии за докторите, вторитот дел беше за болни - соби со тоалети, и трет дел беше тријажа и прием на пациенти. На овој начин заврши првата набавка на контејнери кои беа за потребите на Инфективна клиника во Скопје. Не беа рециклирани контејнери, туку нови контејнери.

За тоалети добија фирмата 'ЈБТ Аритоон'' од Валандово за тоалетите и за канцелариските контејнери. За тријажниот центар го добија фирмата ''КЕНТ ПАНЕЛ' од Скопје, и третиот дел – собите ги доби фирмата ''БРАКО'. Ние имавме задолжување да направиме подлога од тампон односно тоа е камчиња кои се користат како тампон и на нив да контејнерите се стават. Напоменувам дека овие три фирми кои го добија тендерот, со преговање без огласи, ги изработуваат во своите фабрики и ги доставија во Скопје целосни и се монтирани односно поставени на таа тампонирана подлога.

За потребите на општите и Клиничките болници во државата, се појави потреба да се дополнат капацитетите на истиот начин како за инфективна и тоа се заклучи на еден од состаноците на Комисијата за заразна болести. Јас добив насока од мојот претпоставен односно од Министерот за здравство Венко Филипче, да со директорите односно да ги однесам директорите на Општите и на Клиничките болници да ги видат контејнерите кои беа поставени кај Клиничката болница –Скопје. Директорите беа поканети од страна на Министерот за здравство на состанок со Комисијата за заразни болести каде присуствуваше министерот и ме повика да ги однесам до инфективна до контејнерите за да ги погледнат. Отако ги однесов докторите таму и ги погледнаа тие си заминаа. Потоа добив насоки од министерот Венко Филипче, да освен што се информирани директорите на овој начин, да ги информираме и градоначалниците кои се наоѓаат до клиничките и општите болници, да свикам состанок во име на министерот за да ги запознаеме градоначалниците на општините каде ќе се постават тие контејнерите, а да се запознаат со оглед дека ќе се гради на нивна територија. Се одржа еден таков состанок со градоначалници односно ЗЕЛС ги свика официјално по насока на министерот за да се презентира идејата. И се одвиваше он-лајн состанокот. Ние не направивме записник, ама ЗЕЛС има видео-снимка за наведениот состанок.

На состанокот при развиена дискусија односно се отвори дискусија со однос на Законот за градење, со оглед без разлика што е вонредна состојба, би требало да се регулираат на некој начин објектите, дали се објекти, или не, тие претставуват целокупна опрема за модуларните ковид-центри, така се викаат . Со оглед дека изреагираа општините дека тоа не е регулирано со закон, произлезе потреба за измени во Законот за градење, со оглед на состојбата која не знаеме до кога ќе трае. Мислам дека тоа беше некаде јули-август 2020 година. По завршување на тој состанок со градоначалниците, иницијативата ја пренесовме до Министерството за траспорт и врски за измена на Законот за градење. Ние пренесовме на што се однесува иницијативата, а текстуалниот дел ги предложи самото Министерство за транспорт и врски.

Потоа следуваше, колку што се сеќавам Владата зеде кредит, со некое - задолжување односно итен ковид-кредит од Светка банка и практично не знам на кој начин средствата ги презеде Министерството за труд и социјална политика – проектна единица за да го спроведат овој проект за дополнување на општи и клинички болници. Министерство за труд и социјална политика го презедоа проектот и ги спроведуваа. Минитерство за труд и социјална политика ги објавување објавите за набавка на контејнери. Појаснувам дека 2/3 од парите ги имаше доделено на Министерство за труд и социјална политика, а 1/3 на Министерство за здравство и бевме мешана комисија за евалуација на понуди.

Појаснувам дека, пошто тие имаат 2/3 од парите, Министерката за труд и социјална политика ги објави огласите по законите на Светка банка и тие се различни од нашите Закони за јавни набавки и нема комисија за спроведување на тендер, туку постои само Комисија за евалуација на понуди. Е таа комисија беше мешана од Министерство за здравство и од Министерство за труд и социјална политика.

Појаснувам дека оваа постапка што ја спроведе Министерството за труд и социјална политика е спрведена на хартија односно во хартиена форма, што значи дека понудите стигнале во плико во хартиена форма. Комисијата беше од 6 члена за евалуација, формирана од Министерката за труд и социјална политика, 3 члена од Министерство за труд и социјала и 3 члена од Министерство за здравство. Членовите на комисијата за евалузација беа: од Министерство за труд и социјала Маја Бундалевски, Елена не и го знам презимето и Маја Лазаровска, а од Министерството за здравство беа: Јован Грковски, Дамјан Христов и јас како кабинетски службеник. Јован е правник, а Дамјан е инжењер во проектната единица на Министерство за здравство. Оваа комисија е формирана од страна на министерската со одлука за евалуација на пристигнати понуди, а имаше 6 или 7 понуди, не сум сигурна. Тие беа понуди сите на анлиски. Имаше понуди значи од една турска фирма, една италијанска , една кинеска фирма и другите беа наши фирми.

Напоменувам дека Маја Бундалевски, го водеше записникот за евалуација. Таа го пополни и појаснувам дека наша улога беше да ги провериме дали понудите содржат се што беше побарано.Техничките спецификации беа дел од понудата, а техничката спецификација е преземена од претходно прибавените тендери од страна на Министерството за здравство за да тие на ист начин и иститe ги обезбедат и ги спроведуваат. Кога кажувам дека кабинетот на министерот го подразбира и министерот и другите членови на неговиот кабинет во Министерството за здравство. Појаснувам дека кога прв пат се одлучуваше за набавка на контејнери, тогаш учествуваа инжењери од проектна на Минитерство за здравство и тоа мешана со проектната на Министерството за локална самоуправа кои имаат задолжение од влада да ги изготват техничките спецификации. Тука учествуваа инжењери кои ги разгледуваат каталозите кои ги прибавиле кога го истражувале пазарот претходно. Во проектната комисја на Министерство за локална самоуправа од страна на Министерство за здравство учествуваат Елена Иванова и Божин Ложанковски. Тие се инжењери заедно со претставници на Министерство за локална самоуправа што ја направија првичната спецификација по задолжение на влада, првите набавки ги направи Министерство за

здрвство во трите дела за набавка на контејнери, а потоа таа спецификација е дадена на Министерство за труд и социјална политика за да тие ја спроведат постапката на ниво на државата.

Од светска банка се добиени 90.000.000 евра за линијата итен ковид кредит, од кои 60.000.000 евра беа компонента во Труд и социјална политика, а 30.000.000 евра за компонента во Министерство за здравство. Со 30.000.000 евра како се потрошени знаат тројца претставници на Министерство за здравсто кои работат на компоментата и платени се од таму, а тоа се: Деспина Србиновска, Симона Костадинова и Сандра Веловска и тие се сите од Министерство за здравство.

Појаснувам дека, по однос на делот каде зборувавме дека откако беа изградени контејнери околу шаторот , беа повикани директорите на болниците на состанокот, после состанокот ги видоа тие контејнери, а потоа тие во пимена форма преку е-мајл не известија колкави им се потребите на истите. Дали контејнери со 5 кревети, дали тријажи, или само прегледи без кревети, тоа го имаме и тоа можам да ви го доставам.

Појаснувам дека општините беа вклучени со тоа што тие требаше да ја направат тампонажата преку јавните претпријатија, да донесат вода, канализација, а техничките служби на болницата учествуваат во форма на техничка поддршка на изведувачот на работите

Откако заврши тендерската постапка Министерката за труд и социјална политика формирала повеќе групи од мешани комисии за следење на реалицазијата на проекторт за изградба на модуларните ковид центри, а Деспина Србиноска е раководител, а нејзин заменик е Симона Костадинова, тие го имплементираат целиот проект и тие имаат одлуки за формирање на мешани комисии кои ги следеа изградбата на модуларните болници, односно реализацијата. Имаат и еден координатор во целата постапка Зоран Апостоловски од Министерството за труд и социјална политика, а точните негови ингеренции не ги знам што точно работел, само знам дека беше многу присутен на терен. Овие мешани комисии, откако беа поставени модуларните ковид-центри, пошто паралелно следеа што значи дека на крајот направија и некој технички прием на истите со записник за примопредавање, а во одлука на Министерка би требало да стојат надлежностите на комисијата. Потоа се направи и примопредавање на комисиите према болницата за понатамошна употреба на контејнерите. Тие контејнери согласно тендерските спецификации беа со клуч на рака.

По однос на спецификацијата која е од Министерство за здравство односно од кабинетот на министерот, рековме дека тие се направени како тие што беа првите поставени во заразната болница во Клинички во Скопје.

Кога зборимe за модуларниот ковид центар – Тетово, во изградбата во набавката на модуларната болница беа опфатени повеќе типови на контејнери кои што се разликуваат по нивото на опременост внатре на опремата. Со нивно комбинирање практично се доби функционална целина со капацитет од 33 болнички кревети. Во неа во целиот модуларен ковид центар има прием со чекална, прием сестра- контејнер за сестра, контејнер за писиер лабараторија тој беше исто, опремена со контејнер за лабараторијата, контејнер со тоалет за вработени, контејнер со канцеларија за вработени, контејнер за тријажирање на пациенти и преглед и контејнери за болнички соби. Како и еден контејнер со тоалети и тоа 2 тоалети за машки и за жени и еден контејнер со соба за изолација на непотврдени позитивни пациенти

Исто со големина од 33 кревети како тетовскиот модуларен - ковид центар, сигурна сум дека имаше најмалку 10, но ќе ви потврдам во писмена форма изведени и поставени на ист начин. За изградбата на модуларната болница- Тетово, изведувач беше фирмата "Брако" од Велес. Овој тендер за изградба на ковид болнцата – Тетово, како и во другите градови како и тетовскиот модуларен ковид – центар го градеше "Брако" целосно.

не беше како во Скопје поделен во делови. Сите фази за поставување на модуларниот ковид центар во Тетово ги изведуваше фирмата "Брако".

На прашање на јавниот обвинител : "Кој се учествувал како стручен орган или како стручни лица во набавката на монтажните контејнери за потребите на инфективна клиника" истата појасни:

"Согласно Законот за јавни набавки, Министерот за здравство донесе одлука за започнување на постапка со преговарање без објавување оглас, во која што одлука се назначува комисија од 3 члена за спроведување на постапката и нивни заменици, и во истата одлука се назначуваат стручни лица за реализација на предмет на набавка, а тие се Ана Ивановска – инжењер архитект со телегонски број 072-272-882, Елена Иванова – инжењер архитект со мобилен телефон 076-445-933 и Божин Лозанковски – инжењер архитект со телефонски број 076-303-099 и тие се вработени во проектната единица при Министерство за здравство и за истото ќе ви биде потврдено во одлуката на министерот. Сакам да дополнам уште и тоа дека овие се лицата кои се првично назначени како стручни лица и ќе ви ја доставам таа целокупна документација за сите потреби што ќе се појават како стручни лица за спроведување и реализација на монтажните префабрикувани контејнери за потребите на инфективната клиника. Како што ми епознато овие 3 лица, во соработка со мислам Министерството за локална самоуправа како и други стручни лица, кои работеа на оваа проблематика исто исто така ја имаат изработено и техничката спецификација по однос на тоа што треба да содржат овие префабрикувани монтажни контејнери, а која техничка спецификација подоцна се употребува за набавка и на останатите префабрикувани монтажни контејнери за потребите на сите здравствени установи и клинички центри, односно оваа техничка спецификација е дел од тендерска документација, за постапката за преговарање без објавување на оглас, на која што покана се потпишува министерот, а подоцна се одобрува од страна на министерот како овластено лице кое на крај ја доделува јавната набавка. Односно Министерот за здрвство е запознаен не само со оваа техничка спецификација туку и со сите придружни елементи – делови од тендерската документација.

На прашање на јавниот обвинител: "Која е улогата и придонесот на преоектната единица при изработка на техничката спецификација како и при реалицазија на набавките на префабрикуваните монтажни контејнери како на контејнерите за инфективната клиника така и за останаитте модуларни ковид центри", истата појасни:

"По однос на техничката спецификација, сакам да појаснам дека проектната единица ја има поголемата улога при изработка на техничките спецификации и понатамошно проследување и следење и реализација на поставувањето на префаб рикуваните монтажни контејнери".

На прашање на јавниот обвинител. " Дали лицето сведокот Вања како стручно лице архитект инжењер, при проследувањето на техничката спецификација ја погледнала, консултирала закон, консултирала други стручнилица и слично", одговори.

" Да ја видов, но не бев јас стручно лице, туку административен службеник, ги погледнав, миприложија каталози од каде е приложена, ги погледнав каталозите од фирмите, и заклучив дека тоа е стандардна опрема за контејнери.

На прашање на јавниот обвинител: "Дали при спроведување на јавните набавки и на кои јавни набавки на монтажни префабрикувани контејнери учествувала Вања односно лицето сведокот денес, и во кои ваквата техничка спецификација била дел од тендерксата документација како составен дел на јавната набавка, истата кажа:

"Јас како член на комисија за спроведување на јавни набавки учествував во 2 и тоа за контејнеритре на инфективна клиника – Скопје и во амбулантскио поликлинички оддел за потребите на ЈЗУ клиника за пулмологија и алергологија за

потребите за ковид. Како членови на комисијата за овие две набавки, Министерот за здравство определува стручни лица при спроведување на набавките односно стручни лица – инжењерите од нашата проектна единица при Министерство за здравство".

На прашање на јавниот обвинител: "Колку вкупно набавки на монтажни контејнери меѓу кои и таа на Труд и социјална политика се вкупно направени со ваква техничка спецификација, истата кажа:

" Преку МТСП се направени вкупно 17 и овие две нашиве вкупно 19. Битола е разделена на две модуларни болници".

На прашање на јавниот обвинител: "да појасни сведокот, бидејќи претходно погоре наведе дека една техничка спецификација е преземана за сите набавки, да појасни и да каже зошто тендерската документација за набавка на 17-те ковид центри преку МТСП и двете јавни набавки што се направени преку МЗ погоре спомнати, зошто се разликуваат", да појасни:

"Соочена со двете спецификации истата појасни дкаде да се разликуваат во дебелината на панелите кои се зградени во ѕидовите, таванот, исто така се разликуваат во тежината на пур-панелите на килограм разликата е во дебелината на ѕидовите односно 2 см пошироки во модуларните болници за разлика од инфективна клиника. Во Инфективна клиника вратите се разликуваат од вратите на модуларните болниците и тоа: освен по големината на отвор и по нивната исполнетост. Други разлики не воочив".

На прашање на јавниот обвинител:"Кој ги направил тие измени" истата кажа: "Направени се во смисол на подобрување на топлинската спроводливост на просторитие, за подобрувањето е имплементирано мислам во луѓе од тој објек."

На прашање на ЈО: "Кога, претставниците на Министерство за труд и социјала, во процесот на спроведување на набавките на префабрикуваните монтажни контејнери побарале од сведокот да достави техничка спецификација, како постапил сведокот за обезбедувањети на истата" па сведокот кажа:

" Првин не ја побараа претставници од Министерство за труд и социјална политика, туку Минстерот за здрвство ми даде налог да го ипратам материјалот до Светка банка, а материјалот за потребата за формирање на ковид центри во општите и клиничките болници во Македонија на македонски јазик, истиот го испратив и го добив назад преведен на англиски јазик. Потоа по налог на Министерот за здравство до Елизабета Куновска од Министерство за труд и социјална политика ги испратив техничките спецификации. Потоа Елизабета побара истите да бидат преведени на англиски јазик. Тука јас се исклучувам бидејќи не го знам јазикот англиски добро, преводот го прави Сандра Велоска – министерот и дава налог, а која е член на Министерството за труд и социјала. Сандра Велоска која работи во единица за имплементација во Министерство за здравство а истовремено е и дел од проектната единица на Министерство за труд и социјала во компонента за здравство. Симона Костадинова е исто така во кабинетот на Министерот за здравство и заменик раководител на проектната единица при Министерство за труд и социјала."

На прашање на јавниот обвинител: "Дека модуларните болници биле наменети само за пациенти само со лесни клинички слики, а не со тешки клинички слики, како и за инсталирање на медицисnка опрема како што е кислородоте, дефибрилаторот и слично", истата изјави:

" Тоа е документ до светска банка испратен од наша страна, од страна и по насоки на министерот кој што претходно е составен во соработка со Комисијата за заразни болести и претставници на СЗО – Светка здравствена организација, за евентуални упатства од страна на министерот до директорите на здравствените установи

каде се лоцирани ковид-центрите, ќе разговарам со мојот претпоставен ќе ви доставам дополнително. Овие објекти беа предвидени за прием на пациенти, преглед, тријажа, лабараторија, и соба за изолација и евентуално сместувачки капацитети за пациенти со лесна клиничка слика, се додека не се створат услови за нивен трансфер во болнички услови, односно тврда градба и при тоа документот насочува према назнаките на СЗО, кон користење на овој тип на објекти со максимум од 2 л. кислородна боца, а тоа се мали кислородни боци кои што траат еден час и обично во возилата на Брза помош пациентите ги спроведуваат до болнички услови со помош на вакви кислородни боци. Стриктно документот исклучува дека во тие модуларни центри, односно монтажни контејнери, исклучува дека ќе се лекуваат тешки респираторни и клинички слики, педијатриски, бремени и тешки пациенти со канцери, а за овој документ и комуникацијата со Светска банка ќе ви ги доставам допонително. Овој документ е исто претходно испратен до директорите на сите општи и клинички болници во кој има монтажни контејнери и до сите градоначалници на општините и до Комисија за заразни болести е сито така испратен и официјален претставник на Светска здравствена организација.

На прашање на јавниот обвинител "По однос на техничките спецификации да ни појасни дали и каква комуникација имала со нејзиниот претпоставен – Министерот за здравство со економските оператори кои го добиле тендерот и проектот, и со претставниците од МТСП, истата појасни:

" Со МТСП имаме имејл комуникации препраќање и враќање на техничката спецификација од моја страна, и евентуално ако имало некои забелешки по однос на истата со скоро сите претставмици на МТСП кои биле вклучени во овој случај. Прашање по однос за заштита при работа немавме, но имав сознанија дека по ове прашање од Министерството за труд и социјална политика е лицето Зоран Апостоловски, кој што во една од имејл комуникациите приликом објавата на тендерот од нивна страна ни испрати еден документ чек листа за животна средина , кој што требаше да биде објавен на сајтот на Министерството за здравство и при тоа побара контакти од општините и од општите и клинички болници кои му беа испратени за да се објави исто така на нивните сајтови чек-листата. Тоа е исто така дел од куминикацијата со МТСП. При тоа Зоран Апостоловски ги изработуваше и извештаји од посети на процесот на инсталирање на контејнерите. Со министерот имавме секојдневна лична комуникација меѓу кои и за техничката спецификација иако бидејќи таа мејл комуникација со МТСП течеше по мејлови можеби и го вклулчиле и министерот. Со повеќе економски оператори во момнетот на објавување на огласите сум имала службена комуникација и тоа во дел на прашања во делот на снабдување на електрична енергија и слично.

На прашање на јавниот обвинител. "Кој раковид со проектната единица при Министерството за здрвство во периодот на набавување на монтажните контејнери истата појасни: "Како трехнички директор беше Љупчо Балковски, а како административен беше Јован Грковски , а тие директно му му одговарат на Министерот за здравство".

На прашање на јавниот обвинител: "Дали има направено некакава анализа или проценка од можни ризици во врска со функционирањето на монтажните контејнери", истата изјави: "Јас немам такви сознанија. Овој вид на градба немаше техничка документација и немавме прибирано мислења од другите институции за да се пушти во функција како вид на објект, кој ќе служи за третирање на пациенти болни од ковид."

Сакам да појаснам дека не сум ја изготвила техничката спецификација туку само сум ја проследила по налог од Министерот за здравство до Министерството за труд и социјална политика и за тоа ќе ви доставам доказ – меил комуникација.

Ќе ви доставам и листа на врботени инжењери во пректната единица со контакти.

Друго немам што да кажам.

Испитувањето на оштетениот заврши во 14:50 часот и се одвиваше без било каков прекин.

Јавен обвинител
м-р Лејла Кадриу

Сведок
Андонова Вања

Записничар
Марица Филиповска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 01.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

# ЗАПИСНИК
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
Дејан Петрески

**Лице кое дава потребни известувања**
Божин Ложанкоски
Инженер архитект советник во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Записничар**
Симона Крстеска

**Лични податоци:**

**Име :** Божин

**Презиме :** Ложанкоски

**Име на таткото:** Наум

**Место на раѓање :** Струга

**Место на живеење :** Струга, [redacted] со привремено живеалиште во Скопје на [redacted].

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted]1975 година,

**Единствен матичен број :** [redacted] идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонец

**Државјанство :** РСМ и на Р. Бугарија

**Занимање :** Инженер архитект советник во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Образование :** Високо образование, дипломиран инженер - архитект

**Испитувањето на лицето започна во** 12,04 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум вработен по договор за дело како инженер советник во проектната единици за реконструкција во Министерството за здравство. Под договор сум вработен од јули 2018 година до времетраење на завршување на Клиничка болница Штип, така е неодредено. Пред тоа работев во Министерство за транспорт и врски во Скопје се водев во Сектор за уредување на простор, но извршував задачи во Секторот за градежно земјиште. Моите работни задачи беа за Клиничка болница во Штип, но кога дојде почетокот на пандемијата веќе бев прераспределен од директорот на проектната единица Јован Грковски како техничка помош за здравствените установи конкретно за Клинички центар „Мајка Тереза„ Скопје. Таа техничка помош значи во делот на инфраструктурата за потребите на болнички капацитети се мисли на инфраструктурата внатре и надвор во КЦ „Мајка Тереза" Скопје. Во одреден момент – период на пандемија по барање од Комисијата за заразни болести се побара зголемување на капацитетот на Инфективната клиника во Скопје за прием на болни заразени лица од КОВИД-19 и притоа со помош на Град Скопје и ЈП Улици и патишта Скопје се премина кон овозможување на просторни можности за лоцирање како предлог од Министерството за одбрана се дадоа на располагање монтажните шатори од програмата на НАТО за кои беше потребно да бидат поставени во функција на Инфективната клиника Скопје како болнички капацитет кој ќе го прифати првичниот налет на заразени пациенти од КОВИД-19 во смисла на првичното дијагностицирање на пациентите дали се заразени со КОВИД-19. Бидејќи се покажаа непрактични се побара одредено решение за поставување на монтажни градби по искуството и ~~средствата~~ и препораките на Светска здравствена организација кои веќе се применуваа во одредени земји. Ова произлезе од Комисијата за заразни болести. Се направи истражување на пазарот согласно Законот за јавни набавки за ваков тип на објекти – градби во тоа учествував јас и други сега не можам точно да тврдам, а со другите комуницирав телефонски и по мејлови, но не можам да доставам доказ затоа што се избришаа мејловите од серверот Здравство, кога се избришаа не знам, првиот пат беше околу месец март 2020 година, а вториот пат беше понатаму не знам точно кој период, може беше пролет може беше лето. Доцна приметив за тоа. Тоа истражување на пазар подразбира прибирање на понуди, спецификации и искуства на фирми кои што можат да ги произведат таквите елементи за монтажните болници. Во пребарување излегоа некои 10 фирми кои што се занимаваат со таа работа, само одреден дел од тие испратија свои спецификации и карактеристики на

опрема која што можат да ја вградат, останатите не беа во можност затоа што беа поврзани со набавки и увоз на материја за производство на истите. Тоа го правев на начин што се пребаруваше преку интернет. На интернет најдов искуства низ светот што се поставуваат најинтересен беше примерот на амбуланта во Косово финансирана од НАТО, а изработена од фирма која што е од РСМ – ТОИФОР. Таа болница не беше за ковид туку за војската на НАТО. Како економски оператор кој што одговори беше КЕН ПАНЕЛ управител Владимир и тој достави технички спецификации и спецификации за реализација на монтажни контејнери. Тие содржеа текстуален дел со опис на употребени материјали согласно нивното искуство, спецификација за носивите елементи – челикот профил и дебелина, типот на ѕидните панели, тип на прозор и врата – столарија, под и вградена електрична инсталација тоа е за еден тип на контејнери и следниот тип беше за тип на контејнери за санитарни јазли – тоалети како и прилог скици на монтажи и сл. Овие технички спецификации јас ги испринтав за потребите на мене и моите колеги односно на Елена Момироска ,Дамјан Христов, Љупчо Балковски кои зема овие технички спецификации односно документи кој како директор во тоа време ги презеде, мислам дека ги собра сите материјали. Со Иницијатива на Министерството за локална самоуправа кое со иницијативата сакаше да се вклучи во ~~вклучи во~~ справувањето со КОВИД пандемијата, не сум сигурен со каков ангажман, да ги набави контејнерите за зголемување на болничките капацитети. После тоа знам дека се формирање Комисијата во Министерството за локална самоуправа преку проект на финансиски средства на Швајцарска амбасада да ги набават истите болнички капацитети односно контејнери. По ова следеше јавен повик за набавка на истите преку Министерството за локална самоуправа кој не беше успешен за што следеше пренамена на финансиски средства, а се во насока да се набават болничките капацитети. Следеше набавка од страна на Министерството за здравство, се направи тендерската документација. Она што мие познато дека директорот Љупчо Балковски беше Претседател на Комисијата која што се формираше за да ги набави контејнерите односно болничките капацитети, а по однос на тоа која ја спремаше тендерската документација ~~вклучително и техничката спецификација~~ како и сите придружни елементи односно сакам да појаснам само дека овие набавки се водеа етапно и најпрво следеше набавка на санитарни јазли, болнички капацитети со ходнички дел и тријажен дел однос ова што го спомнавме погоре за набавка на болничките капацитети. Ова се одвиваше се за потребите и во смисла на набавка на болничките капацитети на Инфективната клиника во Скопје. Паралелно на ова како си течеа јавните набавки со нивно завршување следеше и монтажа на лице место на набавените капацитети. После тоа откако се монтираа започнаа со работа. Исто така сакам да кажам дека јас бев член на Комисијата за јавни набавки на модуларни~~те~~ болниц~~и~~ за амбулантата за пулмологија. Исто така јас како член на Комисијата тендерската документација ја испратив како дел од поканата до економските оператори кои ги повикав преку емаил комуникација. Тендерската документација не се сеќавам заедно со техничката документација од кого ја добив, ниту се сеќавам кој ја изработи. Дадовме определен рок, стигнаа понуди се закажа јавно наддавање во кој учествувале економските оператори и согласно тендерската документација најниската цена ја доби економски оператор ЈБТ Арингтон Валандово. Јас покрај ова учествував со колегите Дамјан Христов и Митко Танески и по уредување на просторот околу амбулантата за пулмологија односно за потребите на пулмологија тоа во смисла на обезбедување на приклучоци, водовод, канализација, електрика, асфалтирање на пристапни патеки и дел од хортикултурно уредување. Ова се

однесува само за амбулантата на пулмологија. Освен ова со Решение од Министерството за труд и социјална политика сум определен како член на Комисија за следење, имплеметација и технички прием на модуларните болници во следните градови Струга. Кичево, Гостивар, Кочани, Велес и Штип.

На прашање на ЈО: Дали учествувал во други активности на уредување на просторот освен амбулантата на Пуломогија, одгвоори, исто така имам учествувано на Клиниката за детски болести Скопје, Клиниката за кардиологија Скопје и Заводот за рехабилитација.

На прашање на ЈО: Што му била конкретна задача како член на Комисијата за следење и технички прием на модуларните монтажни контејнери односно што подразбира по технички прием како инженер, одговори диспозиција на објектот во дворот на општите болници во наведените градови, разгледување на можности за инфраструктурните приклучоци во координација со локална самоуправа. Испораката за потребата на формирање на модуларната монтажна болница, утврдување на состојбата при вградување на материјалите, функционалноста на вградената водоводна инсталација и други активности дали тече, дали прокапува, дали затвара, дали отвара и сл. По известување од страна на економскиот оператор дека ги извршил работите согласно јавната набавка се закажуваше термин за вршење на технички прием за кој што Министерството за труд и социјална политика изготвуваше записник за техничкиот прием. Сакам да напоменам дека бев и член на Комисијата за медицинска опрема во истиот градови која што беше спроведена преку друга јавна набавка. Техничкиот прием се одвиваше на начин што присуствуваа членовите на Комисијата, претставник од болницата најчесто директор, притоа првично се вршеше утврдување на нарачаната медицинска опрема – мебел со броење на парчиња по спецификација, понатаму се вршеше технички прием на самата опрема модуларна ковид болница по спецификации од тендерска документација за што се изготвуваше и записник во кој се евидентираа одредени недостатоци доколку ги имаше, се даваше рок од определено време за корекција и санирање на истите кон економскиот оператор доколку немаше забелешки за истото се вршеше примопредавање односно се ставаше на располагање на општата болница.

На прашање на ЈО: При следење на процесот на имплементација на онтажните контејнери и при примопредавање по кои закони и процедури се аководело односно дали се раководело, дали се исполнети сите услови за рункционирање на истите, одговори од аспект на опрема и простор беа следени нструкциите наведени во тендерската документација, ~~беше побарување~~ дредени атести, сертификати и изјави на економскиот оператор или зведувачот за поедини делови кои што ги има вградено модуларните болници о градовите. Колегите од Министерството за труд и социјална политика ги педеа бидејќи на нас не ни беше многу тоа познато.

На прашање на ЈО: Дали ги знае упатствата и процедурите од ветска банка а имајќи предвид фактот дека во решението за назначување на ленови на Комисии за имплементација во точка 2 се наведува дека омисијата е должна работните задачи да ги извршува на начин и согласно со 'патствата и процедурите пропишани од Светската банка, одговори јас не ги нам, тоа треба да го знаат колегите од Министерството за труд и социјалната олитика што работат на проектот.

На прашање на ЈО: Кога го примивте решението за членови на комисии, а истовремено ја примил и техничката спецификација од кого ја примил, одговори првично ги добивме решенијата за членови, а по барање на колегата Слободан исто по маил комуникација Деспина Србиновска ни ја испрати техничката документација.

На прашање на ЈО: Кој ја изготви техничката спецификација за транспорт и монтажа на монтажно- демонтажни префабрикувани контејнери тн модуларни болници за територија на РСМ ,одговори имајќи предвид дека техничките спецификации се дел од тендерската документација изготвувач на тендерската документација, а тоа е Министерството за труд и социјална политика. Во овој момент му се предочува на лицето кое што дава потребни известувања техничката спецификација изготвено од Министерство за здравство Кабинет на министер, кој ја изработи и дали Вие учествувавте во нејзината изработка, одговори тврдам дека не сум бил ниту сум учествувал во приложената техничка спецификација од Кабинет на министерот за здравство. Ова е слично, но не е исто на тоа што го добив од КЕН ПАНЕЛ затоа што по состав, содржина и типологија не е иста од понудите.

На прашање на ЈО: Кои се вашите ингеренции во однос на насоките во модуларните болници, одговори во однос на техничкиот прием. Периодично следење на монтираните префабрикувани контејнери.

На прашање на ЈО: Дали се запазени нашите стандарди по однос на префабрикуваните контејнери, одговори тоа е согласно процедурите на Светска банка.

Испитувањето заврши во 13,50 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

| | |
|---|---|
| **Јавен обвинител** | **Лице кое дава потребни известувања** Божин Ложанкоски |
| Дејан Петрески | Инженер архитект советник во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство |

**Записничар**
Симона Крстеска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 04.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

## ЗАПИСНИК
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
Дејан Петрески

**Лице кое дава потребни известувања**
Дамјан Христов
Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Записничар**
Елизабета Иванов

**Лични податоци:**

**Име** : Дамјан

**Презиме** : Христов

**Име на таткото:** Ранчо

**Место на раѓање** : Скопје

**Место на живеење** : Скопје, [redacted].

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1984 година,

**Единствен матичен број** : [redacted] идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон** : [redacted]

**Припадност на заедница** : Македонец

**Државјанство** : РСМ, Словенија и САД

**Занимање** : Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Образование** : Високо образование, Магистер инженер - архитект

**Испитувањето на лицето започна во** 09,35 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум вработен во приватна фирма „МВВ Студио", каде што сум пријавен за да ми тече стаж, а во проектната единица при Министерството за здравство сум ангажиран како инженер архитект по договор за дело од 03.09.2018 година, и секоја година до сега се продолжува договорот со тоа што сега договорот ми трае до 31.12.2021 година. Моите работи и работни задачи во проектнатна единица се координација при изведба на објекти, комуникација со изведувачи, проектанти, надзори по Закон за градење, ревизии по Закон за градење во смисла на тоа да секој економски оператор си има свој проект свој лиценци а јас само во делот од здравството надгледувам и координирам дали изграденото соодвестува со потребите на здравството, посети на градилишта, увид во градбите, односно моите задачи и обврски повеќе се сконцентрирани околу стручниот дел со она што е потребно на здравствената установа и ние како Министерство за здравство го спроведуваме. За мојата работа одговарам пред техничкиот директор и административниот директор на проектната единица како и при насоки и упатства од кабинетот на Министерот за здравство, односно кога добивам насока од кабинетот на министерот јас го известувам координаторот на проектната единица и заедно со насоки го спроведувам она што е потребно.

Некаде на почетокот на пандемијата моите први обврски и задолженија беа да бидам на терен, да ги спроведувам градежните механизации, за пробивање на улица со директен пристап до инфективната клиника во Скопје. Во координација со екипите од Град Скопје, Јавни претпријатија на улици и патишта, водовод и канализација, ЕВН Телеком и заеднички служби од Клинички центар. За време на рушење на првите бараки, добивме насока дека треба да се срушат сите бараки за градење на полска болница на местото на поранешен студентски дом Медицинар. Требаше да сликам, да испраќам информации од терен до каде се работите и слично. Контактирав исто и со АРМ по однос на полската болница. После тоа бев ангажиран на терен околу поставувањето на монтажните контејнери на Инфективната клиника, колку што знам најпрво тоа беа монтажни контејнери тоалети, потоа топли ходници и слично, болнички соби. Следни мои активности во врска со монтажни контејнери беше инсталирање на монтажните контејнери на Клиниката за Пулмологија. Моите ангажмани тука беа од организациски карактер, струја, вода и слично. Потоа, следен мој ангажман беше инсталирањето на контејнерите од Светска банка, а ме ангажираа со решение од Министерство

за труд и социјална политика со кое бев назначен за член на Евалуциона комисија. Требаше да следам дали она што е понудено од економските оператори соодвествува со нашите барања. За овие потреби јас отидов во Министерство за труд и социјална политика, дојдоа и мои колеги кои беа членови на Комисијата за евалуација, таму од страна на координаторот на проектот, мислам дека се викаше Маја Бундалеска, ни беше дадена тендерската документација за проектот и повеќе понуди да ги разгледаме и евалуираме. Ние тоа го направивме со Извештај за извршена евалуација, после неколку дена го добив извештајот подготвен од Маја Бундалеска, да го разгледаме и доколку имаме забелешки да ги внесеме. Истото се однесуваше и за набавка и на мебелот за сите модуларни болници меѓу кои и болницата во Тетово. После ова се премина на градежни работи, однос јас како член на Комисија за следење и имплементирање и поставување на модуларните болници исто така со решение на Министерството за труд и социјала. Мојот ангажман околу овие болници се состоеше на припреми на теренот, следење на инсталирање на објектите , координација со општината, обезбедување на приклучоци. Координациите помеѓу болниците, директорите и општината се состоеше од утврдување на потреби за приклучок, за пат, за локациите каде ќе се постават монтажните контејнери и слично. По однос на процесот за поставување на монтажните контејнери немаше никакви забелешки од страна на директорите.

На прашање на ЈО дали сведокот учествувал во некаква комисија за набавка на контејнери?, одговори, јас сум член на Комисија на јавни набавки за замена на амбуланти во ЈЗУ ЗД Скопје, односно 10 амбуланти. Одлуката за отпочнување на тендер за јавна набавка ми е испратена од кабинетот на Министерот за здравство, односно ја добив на Е- маил од Вања Андонова, контролирал Тања Пехчевска, одобрил Вања Андонова и се потпишал Министерот. Моите задачи се правење на приоритетна листа и следење на реализација и поставување на објектите.

На прашање на ЈО да ни појасни што значи тоа контејнери за тријажа, контејнери за лабораторија и контејнери за стационар, одговори, од градежен аспект тријажа преставува просторија за прием и преглед на пациенти. Тоа е една поголема просторија, споени повеќе контејнери каде што има кревети, некое биро за доктори, мислам три болнички кревети со параван помеѓу нив, две табли за рентген, ормани и слично. Во лабораторијата немаше некои инвентар, односно поентата за лабораторијата беше секоја здравствена установа каде што е лоцирана модуларната болница да си донесе потребни апаратури за правење на ПСР тестови, крвни слики и слично. Стационарите претставуваа болнички сместувачки капацитети, имаше со 6 и со 8 кревети, каде што имаше болнички кревет, наткасна, сталак за инфузија и подвижна масичка за пациентите и клима. Односно мислам дека има и приемен шалтер, чекална, докторска соба и тоалети. Наша задача беше да провериме дали се сите контејнери со предвидените количини на инвентар, односно од градежно архитектонски аспект требаше да се провери дали инсталацијата е во ред, дали светилките работат, дали климите работат, односно тоа е се што требаше да содржат овие болници а за дополнителни работи како кислород и слично требаше да си одлучат болниците. Наша задача беше да им обезбедиме дополнителни капацитети односно горенаведените тријажа, болнички кревети. Сакам да појаснам целта на овие контејнери беше и за тоа што некои од болниците воопшто и немаа инфективни одделенија па овие модуларни болници им служеа за сместување на пациенти болни од Ковид- 19, па за да ги

сместат да не се мешаат со други болни, таков беше случајот на пример во Кавадарци. Моите активности за болниците во Битола, Кавадарци и Прилеп ги сработував во координација со мојот колега Никола Бужаровски, односно контактирав со Вања Андонова и со Деспина Србиновска, како и со ПР служба. Јас немав некаков контакт со министерот и директорите на болниците по однос на некакви забелешки, ако нешто имаше тоа го правеа директорите со Министерот.

На прашање на ЈО, колку што се сеќава сведокот да ни одговори кој учествувал во изработка на тендерските документации, одговори, бидејќи јас сум цело време на терен, не сум запознаен со тоа. По однос на инсталирање на префабрикуваните монтажни контејнери, сакам да кажам дека тоа е пракса како во нашата држава исто и на светско ниво, секаде каде што има потреба за брзо сместување и дополнителни капацитети, се инсталираат вакви контејнери. По однос на ваквото инсталирање на контејнерите, можам да кажам дека ова беше единствениот брз начин за инсталирање на вакви контејнери и обезбедување на дополнителни болнички капацитети, другите опции беа поставување на шатори и градење на тврди градби.

Откако му е предадена техничката спецификација за набавка на модуларните контејнери, сведокот, најпрво посочи дека ова е техничка спецификација на која што пишува „Министерство за здравство", а таа што ја гледал и евалуирал била од Министерство за труд и социјала и била на англиски јазик, а оваа што ја гледа сега е на македонски јазик.

На прашање на ЈО дали согласно техничката спецификација овие контејнери биле правени согласно правилата за противпожарна заштита во поглед на поставување на противпожарни пречки или бариери, одговори, овие монтажни објекти не подлежат на такви стандарди. Јас немав забелешки по однос на техничката спецификација и сметам дека е по сите стандарди затоа што се работи за монтажни контејнери а не за тврда градба.

Кога јас би ги правел овие монтажни контејнери по однос на гео-локациска положба а по однос на поладни градови, би ставил и подебели панели на ѕидовите само од аспект на термоизолација.

Испитувањето заврши во 10,40 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

| | |
|---|---|
| **Јавен обвинител** | **Лице кое дава потребни известувања** |
| Дејан Петрески | Дамјан Христов<br>Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство |

**Записничар**
Елизабета Иванов

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 01.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

**ЗАПИСНИК**
**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА**

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
Зорица Павловиќ

**Лице кое дава потребни известувања**
Ана Ивановска
Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Записничар**
Елизабета Иванов

**Лични податоци:**

**Име :** Ана

**Презиме :** Ивановска

**Име на таткото:** Васе

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1984 година,

**Единствен матичен број** [redacted], идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонка

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Образование :** Високо образование, дипломиран инжењер - архитект

**Испитувањето на лицето започна во** 09,30 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум вработена по договор за дело од 01.08.2019 година како Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство, кој договор трае до завршување на проектот. Проектот за тетовската модуларна болница е проект почнат во Министерство за Труд и социјална политика со заем од Светска Банка. Од Министерството за Труд и социјална политика- проект за итно справување со Ковид -19, добив решение за назначување на членови на комисии за имплементација ( следење и технички прием), на договорот за „модуларни монтажни контејнери" под бр. 10-7797/1 од 09.12.2020 година, со кое се формираат Комисии за имплементација, при што јас конкретно бев назначена за група 4 (Козле–Дебар). МТСП ја работеше целата административна работа во врска со проектот, Ние бевме претставници на Министерство за здравство а мојата работна задача беше да ја искоординирам работата со директорот на болницата, конкретно во Козле и Дебар и Општината. Кога одевме во Козле и во Дебар јас имав скица и договорите ни беа пратени кои што веќе беа набавени. Директорите на болниците Козле и Дебар имаа обврска да направат приклучоци, да донесат струја, вода и канализација до местото предвидено за поставување на модуларните болници. Пред да почнат да се монтираат болниците, некаде во јануари – февруари 2021 година, имав координативен состанок со директорите на болниците на кој состанок беше договорено, и тоа усмено, да го завршат нивниот дел од работата.

На прашање на ЈО: Вие имате решение за имплементација – следење и технички прием на модуларни монтажни контејнери, што направивте? одговори, јас бев назначена како претставник на Министерство за здравство за имплементација на проектот, откако го добив решението од страна на Министерот за труд и социјална политика на 09.12.2020 година, усно реагирав на координаторот на проектот Деспина која е координатор на проектот подрачна единица на Министерство за труд и социјална политика, во кое својство сме ние таму, дека ние не можеме да направиме технички прием на објектот затоа што технички прием е дел од постапка за процесно градење, таа ми кажа дека овластувањата се тие, од Министерката за труд и социјална

политика. Во Министерство за здравство има проектна единица но под друг проект. Не знам кој ја направи техничката спецификација, најверојатно колегите кои претходно работеле, знам дека еден од нив беше Вања и други, и не знам што им беше задачата.

На прашање на ЈО : да го опише процесот на имплементација и следење од нејзина страна, како она го следела спроведувањето на проектот:, одговори: Отидов на лице место со останатите колеги, се дефинираа местоположбите, насоодветни во рамките на болниците, конкретно за Козле и Дебар, да се позиционира на место каде што е најлесно да се донесат струја, вода и канализација. Понатаму, откако беше решено за местоположбата изведувачот пристапи кон поставување на бетонска плоча а болниците со донесување на инсталација на струја вода и канализација. Јас одев периодично, за да се види динамиката, болниците беа монтирани, при монтажа се гледаат компонентите кои се вградуваа, конкретно се следеше за подот, дали да се стават материјалите предвидени во техничката документација. Кога изведувачите беа завршени со работите, беа известени колегите од труд и социјала и беа закажани состаноци за примопредавање на кои присуствував јас како претставник на МЗ, претставници на МТСП и претставници на болниците Дебар и Козле и со денот на потпишување на записникот за примопредавање завршуваат моите работни задачи во поглед на проектот.

На прашање на ЈО: Дали од изведувачите беа спроведени сите задачи во поглед на техничката спецификација, одговор, да.

Во нашата земја постојат закони согласно кои имаме наши правила и процедури и стандарди во поглед инсталирањето на овие контејнери, дали вие мислите дека беа запазени тие стандарди?, одговори: според мене, не знам.

На прашање на ЈО :имаме ние Закон за заштита и спасување, дали ти го погледна овој закон, одговори, да го погледнав.

На прашање на ЈО: дали примени нешто од овој закон, одговори, немам ингеренции јас за такво нешто, доаѓам кога веќе е направена техничката спецификација и скиците за центрите.

На прашање на ЈО? Кога ги предадовте болниците, дали на директорите им кажавте да спроведат мерки за противпожарна заштита, не јас не им кажав тоа беше во делот на колегите од Светска банка.

Опиши ни дали и што друго работеше, освен како член на комисијата во врска со инсталирање на монтажните болници, одговори, немав друга никаква обврска.

На прашање да ги опише работните задачи во проектната единица, одговори, мои работни задачи и обврски се имплементација на проектите поврзани со заемот од ЦЕБ со заемот од Банка за развоја на советот на Европа. Од аспект на архитект кога има градежен проект, моја задача е следење на реализација на проектот, посета на објект на градилишта, координација помеѓу изведувачи, надзори, институции кога се потребни дозволи, се што спаѓа во рамки на еден процес за градење и кога е потребно

се оди на увид на постојни здравствени објекти за кои е потребно реновирање или доколку не е можно да се изврши нивно реновирање, градење нови здравствени објекти.

На прашање на ЈО сведокот да опише дали имала забелешки изнесени кон други членови на комисијата, одговори: не, имавме коректна соработка. Во рамки на решението со кое е формирана комисијата освен она што претходно го кажа сведокот за набљудување на објектите, дали превземала други дејствија, одговори, се што превземав јас е тоа што кажав погоре, одевме на локација, но тоа беше се,. Во овој момент не можам да се сетам на нешто друго.

На прашање На ЈО: колку вработени има проектната единица, колку од нив се архитекти и колку од нив учествуваат во изготвување на спецификација, одговори, вработени сме околу 20, 7 од нив се архитекти и 3 градежни инженери. Во овој проект за модуларните болници бевме вклучени по мое мислење: Вања Андонова, јас како и сите колеги мои кои што се наведени во решението од Министерот за труд и социјала со кое и јас сум определена како член на комисија.

Сакам да појаснам дека од она што ние колегите инженери работиме е кога на пример е потребно на еден здравствен објект, било кој дали е тоа здравствен дом, клинички центар и слично одиме на лице место, вршиме увид што е потребно да се реновира дали е тоа таван, под, цел објект, кров или фасада, се прави техничка програма за потребите на тој објект кој подоцна станува дел од тендерска документација за изработка на основен проект. Техничката програма претставува потребите и барањата на инвеститорот.

На прашање, кој во овој момент врши анализа дали тие барања се во согласност со нашите закони и дали ги исполнуваат законските прописи: одговори, ние како инженери правиме проектни програми во координација со други колеги кои што се специјалисти за здравствени објекти и соодветни литератури, искуства од други земји. Тоа практично значи дека ако во еден здравствен објект се констатира потреба на пример од нов кров ние правиме проектна програма во која се наведува дека во конкретен објект има потреба од промена на кров, на пример поради оштетена конструкција, протекува кров, на места знае да падне и плафон, ние даваме насока да во основниот проект да се направи промена тој кров. Со тендер се бира лиценцирана фирма која ќе го изработи основниот проект и на друг тендер се бира лиценциран ревизор кој ќе ја изврши ревизијата на основниот проект. Во основниот проект проектантите, односно економскиот оператор ги даваат техничките спецификации, секој во својата област, по однос на кој ќе се гради кровот.

На прашање на ЈО, дали за овој проект е ангажирано овластен проектант кој го правел проектот, одговори : не сум запознаена во тој дел.

На прашање на ЈО, кој ви ја даде техничката спецификацијата за конкретните модуларни болници, и кој ја изработил техничката спецификација, одговори: ми ја даде координаторот на мојата група, Деспина, а не знам од чија страна точно е изработена техничката спецификација.

Во спецификацијата не се предвидени ниту против пожарни ПП апарати, и вие се согласувате со тоа? Одговори: Тоа е работа на колегите од проектната единица од МТСП.

Техничката спецификација не е изработена од моја страна, јас сум ставена како член на комисијата за имплементација на проектот по веќе направена техничка спецификација, и извршена набавка.

Испитувањето заврши во 11,15 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

Зорица Павловиќ

**Лице кое дава потребни известувања**
Ана Ивановска
Инженер архитект во проектната единица за реконструкција и уредување на здравствени објекти при Министерство за здравство

**Записничар**
Елизабета Иванов

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 04.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

**ЗАПИСНИК**

**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА**

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
Дејан Петрески

**Лице кое дава потребни известувања**
Љупчо Балкоски
пратеник во Собрание на РСМ

**Записничар**
Симона Крстеска

**Лични податоци:**

**Име :** Љупчо

**Презиме :** Балкоски

**Име на таткото:** Ламбе

**Место на раѓање :** Струга

**Место на живеење :** Скопје [redacted],

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted].1966 година,

**Единствен матичен број :** [redacted], идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Влав

**Државјанство :** РСМ,

**Занимање :** пратеник, архитект по професија

**Образование :** Високо образование,

**Испитувањето на лицето започна во** 12,15 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Познато ми е мене за денес што сум повикан односно во проектната единица при Министерството за здравство бев ангажиран од почеток на 2018 година со договор на дело. Моите ангажмани беа во врска со работното место технички раководител на Проектната единица при Министерство за здравство од банката на Совет на Европа. Проектната единица имаше за цел да ги води проектот од банката на Централната банка на Советот на Европа поконкретно тоа беше Здравствениот објект Клиничка болница Штип комплетна изведба и други ангажмани градежно – технички, архитектонски при Министерството за здравство конкретно објекти кои каде што инвеститор е Министерството за здравство, не Советот на Европа, да не се ангажираат други бидејќи ние бевме тука во проектната единица ги водевме на Министерството за здравство. Во делот како технички раководител на некој начин бев во техничка координација помеѓу одговорните вработени кои што беа директно на проектите односно што ги водеа проектите пример имав координација со одговорното лице кое што го води проектот, со општини, а за мојата работа одговарав пред Советот на Европа и министерот за здравство кога работев на проекти кои што ги видеше Министерството за здравство. Во тоа време координација се одвиваше со министерот, државниот секретар Владо Милошев и вработени од кабинетот на министерот за здравство. Од почетокот на пандемијата некаде март 2020 година како архитект односно технички раководител на проектната единица бев ангажиран односно доаѓав на работа со цел да дадам придонес во тековните активности затоа што во тој период активностите во врска со тој проект беа намалени. Се пристапи кон отварање инфраструктурата на Инфективната клиника во Скопје меѓутоа ние не го работевме во делот на градежна книга, реализација на проектот тоа туку го работеа Град Скопје, ЈП Улици и патишта. Јас немав никаков личен ангажман туку имаа помладите колеги архитекти. Како личен мој ангажман во тој дел јас немав никаков. Член на Комисија за јавни набавки за набавка на монтажни контејнери мислам дека имаше одлука од министерот за здравство со која Одлука се назначува Комисија. Таа одлука јас ја добив писмено од службите да бидам член на комисијата. Јас како претседател ги презедов следните дејствија се собравме тројцата членови на комисијата. Постапката се одвиваше преку видео повик, конкурираа неколку фирми, помладите колеги ги направија табелите заедно со колегите од Министерството за здравство кои беа одговорни за јавни набавки, рекоа дека може на ваков начин во кризни ситуации да се направи. Конкретно во делот на одлучување како ќе се набавува, што ќе се набавува јас не сум одлучувал. Тендерската документација е подготвена од вработени од мојата проектна единица, а можеби и од Министерството за локална самоуправа. Јас не знам кој ја подготвуваше тогаш бидејќи беше криза и вонредна ситуација. Јас бев назначен како Претседател на Комисијата за јавни набавки од причина што моите помлади колеги беа презафатени, а јас техничката спецификација односно целокупната тендерска документација беше спремна и добиена од Министерството за здравство. Јас ниту сум учествувал ниту сум ја подготвувал техничката спецификација ниту тендерската документација, дури и ми беше

чудно дека јас како архитект бев назначен претседател на таа комисијата затоа што по мое мислење мислам дека требаше да биде назначен правник, меѓутоа со цел да и излеам во пресрет со оглед на моменталната ситуација прифатив да помогнам. Јас кога ја погледнав техничката спецификација и тендерската документација заклучив дека согласно нашите стандарди, економските оператори, материјалите што ги предлагаат се во согласност со нашите стандарди. Дури и самите оператори по мое мислење треба да имаат обврска тоа што го нудат треба да е не само со нашите стандарди, туку и на европско ниво. Јас не сум учествувал во изградбата на модуларните болници за потребните на Светска банка.

Испитувањето заврши во 13,20 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

Дејан Петрески

**Лице кое дава потребни известувања**
Љупчо Балкоски
пратеник во Собрание на РСМ

**Записничар**
Симона Крстеска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 04.10.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

## ЗАПИСНИК
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**

Бесир Алиу

**Записничар**
Елизабета Иванов

**Лице кое дава потребни известувања**
Правник во Министерство за здравство
Сандра Веловска

**Лични податоци:**

**Име :** Сандра

**Презиме :** Веловска

**Име на таткото:** Цветко

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1979 година,

**Единствен матичен број :** [redacted], идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонка

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Правник во Министерство за здравство

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во 14,00 часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум вработена од 2010 година на проектот за спречување и превенција за ХИВСида. Се објави оглас за консултант на друг проект кој што беше за изградба на нов клинички центар. Во тогашно време министерот Тодоров кој беше задоволен од мојата работа ми даде шанса и истиот ме ангажираше во Проектната единица за реконструкција и развој на ЈЗУ Македонија и ден денес работам на истиот проект како консултант правни работи и јавни набавки. Во комисијата за Инфективна клиника јас бев вклучена на средина на проектот, а додека на почеток беше колешката Сања Спасова, како специјалист за јавни набавки. Како правник јас бев задолжена за правниот дел од тендерската документација и Законот за јавни набавки, што значи требаше да видам дали економските оператори имаат документ за регистрирана дејност, дали се потпишани од одговорното лице, дали се електронски потпишани, дали е регулирано правото на жалба итн. Инфективната клиника се проектираше во вонредна состојба и таа беше приклучена на постоечката Инфективна болница каде што веќе имаше струја, вода, кислород. Техничките спецификации за Инфективна клиничка болница Скопје, по однос на модуларната болница по електронски пат ми ги прати Вања Андонова која ни беше главен координатор за сите работи и спроведувач на политиките на кабинетот на Министерот за здравство. Од неа добивавме работа и работни задачи. Кога ја добивме по електронски пат целата тендерска документација заедно со техничката спецификација од Вања со сите покани до економските оператори, комисијата од стручни лица која се состоеше од инженери утврдија дека понудите се во ред во поглед на тоа што сме барале ние и дека може да им испратиме покани за да преговараме за цената. Како што ми е мене познато целата тендерска документација заедно со техничката спецификација ја добивме од Вања Андонова. Претходно знам дека имало координирање со Министерство за локална самоуправа. Закажавме преговори со економските оператори, во комисијата бевме јас, Елена Иванова, Балковски и претставник од Швајцарска амбасада мирјана Македонска. Економските оператори мислам дека беа 5-6, и на крај тендерот го доби бидејќи дадоа најдобри цени ЈБТ Том и Јари и Брако.

Сакам да појаснам дека јас учествував по однос на заемот од Светска Банка само по однос на преведувањето, односно Вања техничката спецификација ја сперми и по Е-маил ми ја прати и побара од мене да ја преведам од Македонски јазик на Англиски јазик. Јас за околу 3-4 дена техничката спецификација во целост ја преведов и истата техничка спецификација преку електронска пошта и ја вратив на Вања и на една

координаторка, не се сеќавам на нејзиното име и ја пратив по е-маил. Истата е- маил комуникација ќе ви ја доставам во печатена форма во текот на утрешниот ден. Мојата работа во врска со ова заврши со преведувањето на техничката спецификација.

Испитувањето заврши во 14,45 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

Бесир Алиу

**Записничар**
Елизабета Иванов

**Лице кое дава потребни известувања**
Правник во Министерство за здравство
Сандра Веловска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
V КО.бр.559/21
ТЕТОВО, 09.09.2021 година

Врз основа на чл.89, 90 ст.1 и чл.212 ст.1 и чл.285 од ЗКП, се составува следниот

**З А П И С Н И К**

**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА**

**Присутни:**

| Јавен Обвинител | Сведок | Записничар |
|---|---|---|
| Бесир Алиу | БОБАН ВУЧЕВСКИ | Марица Филиповска |

**Лични податоци на сведокот:**

**Име: БОБАН**

**Презиме: ВУЧЕСКИ**

**Име на таткото : Светислав**

**Место на раѓање : Тетово**

**Место на живеење : Тетово, на** [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање :** [redacted] **1986 година**

**Припадност на заедница : Македонец**

**Занимање : доктор врбвотен во ЈЗУ Клиничка болница – Тетово**

**Однос со обвинетиот и оштетениот : несроден, нескаран**

**Испитувањето на сведокот започна во 11:56 часот.**

Сведокот се идентификува преку лична карта број [redacted] издадена од СВР-Тетово.

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, сведокот се предупредува дека е должен да го извести Јавниот обвинител за евентуалната промена на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Пред започнување со испитување сведокот е поучен дека: Согласно чл.219 ст.2 и чл.216 од ЗКП, должен е да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, предупреден е дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, дека не е должен да одговара на одделни прашања доколку е веројатно дека со тоа би се изложил себе си или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

По давањето на погоре наведените поуки сведокот прашан дали му се познати причините за неговото повикување, изјави дека му се познати и повикан е да изнесе се што му е познато за предметот по што Јавниот обвинител пристапи кон испитување на сведокот.

Пред јавниот обвинител е лицето **БОБАН ВУЧЕСКИ**, кој изјави:

Јас сум доктор кардиолог – раководител на Ковид центарот тетовската болница.

Јас во времето кога избувнал пожарот не бев на работното место ту возев со мојот автомобил за дома. Во тој момент ми се јави дежурниот доктор по им Мустафа Таири, кој со силен глас ми рече " брзо доаѓај гори цела модуларн болница." Јас со колата за буквално за 3- 4 минути се вратив во болницата каде што видов сликата на горење на цела модуларна болница, беше во пламен, се гореше, а тоа време веќе беа пристигнати и едно пожарникарно возило и позади мене беше второто возило на пожарна.

Модуларната болнциа собира 34 легла односно за 34 лица. Во моментот со оглед на фактот дека сум одговорен знам дека во модуларната болница имаше хоспитализирано 26 болни од ковид-19, и тоа може со оглед дека сум одогворен и со има презиме да ви ги кажам кои беа хсопитализирани во моментот во модуларната болница а тоа се: Адеми Назлиша, Ќамил Билали, Велика Биковска, Снежана Каранфиловска, Трпе Веселиновски, Мукадеса алија, Неврије Терзија, Хаки Емши, Расим Емши, Раиф селмани, Марија Димовска, Ахтеме Исмаили, Шафи Салихи, Ремзи Абдулаи, Александар Костевски, тони Михајловски, Алинаџи Амети, Томислав Петрушевски, Махир Мустафи, Ферди Шаќири, Селвије Идризи, Макфирете Рамадани, Хасије Шехабе, Дритан Џамили и уште двајца и тоа Снежана Василевска и Бранко Делевски.

Модуларната болница се снабдува со кислород, односно од централен кислород односно од центална цистерна каде на секој кревет има посебен штекер за кислород. Јас не сум забележал ништо сомнително. Јас исто така како одговорен тврдам дека редовно било се контролирано, и тоа сите штекери и кислородот.

Модуларната болнциа официјално е пуштена на ден 03.08.2021 година.

Сакам да појаснам дека модуларната болница функционираше беспрекорно и ги имавме сите апарати неопходни за лекување на пациентите и дијагностика. Во модуларната болница,сакам да појаснам дека беа сместени и деца со посебни потреби и тоа едно со даунов синдром, и две со церебрална парализа, каде имаа грижа од родителите.

Во Модуларната болница имаше 5 болнички соби од кои 3 беа по 6 кревети и две по 8 кревети.Тоа беше соба каде имаше кревет, наткасна и приклучок за кислород и помеѓу секој креветр имаше параван.

Во ниедна од собите и во ходникот немаше нешто сомнително и во ходникот .

Друго немам што да кажам.

Испитувањето на сведокот заврши во 10:05 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин. Сведокот согласно чл.92 од ЗКП поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му биде прочитан, по што изјави дека го слушал гласното диктирање и не бара да го прочита записникот, нема забелешки на истиот и своерачно го потпишува.

Јавен Обвинител
Бесир Алиу

Сведок
Бобан Вучески

Записничар
Марица Филиповска

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**РО.бр. 559/21**
**ТЕТОВО, 13.09.2021 година**

Врз основа на чл.64, 89, 90 ст.1, чл.112 и чл.212 ст.2 од ЗКП, се составува следниот

**З А П И С Н И К**

**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА-појаснување**

**Присутни:**

| | | |
|---|---|---|
| **Јавен обвинител**<br>**м-р Лејла Кадриу** | **Сведок**<br>**БОБАН ВУЧЕВСКИ** | **Записничар**<br>**Марица Филиповска** |

Лични податоци на сведок:

Име: БОБАН

Презиме: ВУЧЕВСКИ

Име на таткото: Светислав

Место на раѓање: Тетово

Место на живеење: Тетово, на [redacted]

Месец и година на раѓање: [redacted] 1986 година

Припадност на заедница: Македонец

Занимање: доктор-кардиолог – вработен во Клиничка болнциа – Тетово во модуларната болница – Тетово.

Однос со обвинетиот и оштетениот: несродн, нескаран

Испитувањето на сведокот започна во 11:07 часот.

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, лицето ќе се сослуша во својство на сведок, се предупредува дека е должен да го извести Јавниот обвинител за евентуалната промена на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Пред започнување со испитување, оштетениот е поучен дека:

Согласно чл.219 ст.2 и чл.216 од ЗКП, должен е да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, предупреден е дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, дека не е должен да одговара на одделни прашања доколку е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење, па сведокот изложи:

Јас имам дадено исказ на ден 09.09.2021 година, ноќта на 01:30 часот и сакам да појаснам

На прашање на јавниот обвинител "во кои соби во модуларната болница за ковид – 19, се наоѓале жртвите, а каде се наоѓале тие кои биле спасени", ако има конкретна информација да ни ја појасни, по што сведокот кажа:

Сакам да ви појаснам дека во соба број 1 – беа пациентите: **Адеми Назлиша истата не е спасена, Ќемал Билали – не е спасен; Верлика Биковска – спасена, Снежана Каранфиловска – спасена, Трпе Веселиновски –спасен; исто така сво собата број 1 имаше еден слобдоен кревет:**

**Во соба број 2 –Мукасеса Алија – не се спасена, Неврије Терзија – не е спасена; Хаки Емши – неспасен; Расим Емши – не е спасен и Раиф Селмани – неспасен.**

**Во соба број 3 – Марија Димовска-почината при самото настанување на пожарот, а чие тело е спасено, Атеме Исмаили – не е спасена и Снежена Василевска – спасена; исто така во соба број 3 имаше и 3 празни кревети;**

**Во соба број 4 – Шафи Салихи – спасен, Ремзи Абдулари- не е спасен; Александар Костевски –спасен, тони Михајловски е спасен, Алинаџи Амети – спасен, томислав Петрушевски Спасен; Бранко Делески – спасен. Во истата соба имаше уште 2 празни кревети.**

**Во соба број 5 – Махир Мустафи – спасен; Ферди Шаќири – неспасен, Селвије Идризи не е спасен, Макфирете Рамадани – спасена; Хасије Шехабер – не е спасена и Дритан Ќамили – спасен е.**

**Појаснувам дека од тие 14 изгорени лица, 12 беа пациенти позитивни на ковид-19, а двете лица: Зарифе Билали и Админа Шехаби беа цивилни лица кои ги придружувале хоспитализираните пациенти, а критичната нож го загубиле животот.**

Критичната ноќ 14 лица, за кои наведов дека не се спасени беа изгорени во пламенот настанат во самата модуларна болница, од кои едно лице по име Марија како што реков погоре која беше почината во моментот на избувнување на пожарот, исто така нејзиното тело беше спасено од тотално изгорување, со оглед дека косата и беше фатена од пламенот.

Исто така како дел од модуларната болница - ковид центарт – имаше амбуланта, а во амбуланта беа сместени два монитора за следење на витални знаци за животите на на пациентите кои беа мобилни, односно можевме да ги носиме од соба во соба, еден подвижен рентген, 4 кревети за дневна болница. Критичниот момент во дневната болнциа немаше ниту еден пациент. Имаше дефибрилатор кој беше подвижен, масичка со компјутер, шкаф во кој имаше клуч и клешти за смена на регулатор на подвижните боци , а боци за кислород, од кои беа една малечка која содржи 10 литри кислород и 3 големи кои содржеа по 25 литри кислород. Исто така имаше и чекална со телевизор. Боците за кислород беа во ходникот во дневната болница. Тие боци што беа во дневната болница, за среќа не експлодираа и беа останати на истото место.

Исто така имаше и соба за персонал која се наоѓаше блиску до соба број 5, а кои ги раздвојуваа 2 ВЦ-а кои беа едно за машки и едно за женски. Во истата соба имаше телевизор, биро со компјутер, голема маса за јадење, шкаф со медицинска документација-истории и налази, фрижидер, кујниче со мијалник со вода, една плотна со две рингли и висечки шкафчиња и кревет како и гарантни листови од апаратурата, од климите, од телевизорите. Секоја соба имаше и клима уред. Исто така имаше и 3 персонални вц-а со лични ствари за персоналот, а во ходничето за вц-то имаше сместено 6 респиратори и медицинска опрема.

Респираторот се состои од мониторче, црево за кислорот за дотур на кислород и машински дел при вклучување на централниот довод на кислород и маска со црево за приклучок на пациентот. Потоа имаше и соба за лекарства. Под медицисцнка опрема се подразбира скафандери, маски, сет за интубација, сет за централни и венски катетер, резервни црева за респиратор. Потоа имавме уште една соба за лекар каде имаше само еден кревет и уште една соба за лекарства која служеше како магацин. Во неа имаше една полица голема каде беа поставени сите лекарствени средства – во амбуларна форма, таблетарна и инфузиони раствори што ги употребуваме, а алкохол за дезинфекција можеби имало едно шише или две, а други средства за дезинфекција за раце немаше и еден шкаф каде што имаше исто така исти лекарства што ги наведов. Мислам дека во собите за пациенти некаде имаше, а некаде немаше средства за дезинфекција на раце. Исто така напоменувам дека магацинот и лекарската соба не беа опожарени.

Појаснувам дека модуларната болница- ковид – центарот беше приклучен на централна цистерна за довод на кислород која се наоѓа кај хируршката зграда при Клинички центар – Тетово.

Во текот на работата откога почна модуларната болница од 03.08.2021 година, појаснувам дека имавме на располагање кислород, вода, канализација и струја. Некоја апаратура за вентилација внатре немавме.

На прашање на јавниот обвинител: "Освен наведените распореди не наведе дали имало места каде биле монтирани системот за гаснење на пожар, во форма на вода или ПП апарати", истиот наведе: "Систем за гаснење на пожар во форма на вода немаше, а не можам да се сетам со сигурност дали во просторијата кај ВЦ-ињата во ходникот каде беа респираторите, имало ПП-апарати."

Начинот на кој ние работевме во ковид – центарот во модуларната болница како раковидите на истата бев назчаен јас и исто така другите доктори беа вклучени на ротација на 2 недели , на секоја смена имаше по 2 доктори плус јас секој ден, прва смена, и на повик во секое време, 3 медицински сестри плус одговорната прва смена цело време и на повик после 15:00 часот секој ден. Имаше еден болничар, а појаснувм дека целиот тим така работевме и тоа едниот ден од 08:00 до 19:00 часот, следниот ден од 19:00 до 08:00 часот сабајле и наредни два дена слободни.

Клиничка болница- Тетово има обезбедување од страна на самата болница.

На прашање на јавниот обвинител: "Дали како раководител има побарано од директорот на болницата да му се обезбеди лице за обезбедување на модуларната болница", истиот изјави: "Јас не сум барал од директорот на Клиничка болница – Тетово да ми определи лице кое ќе биде ангажирано за обезбедување на модуларната болница, но имаше едно лице во секоја смена кое се движеше на сите оддели каде имаше ковид-пациенти. Лица од обезбедување кои ротираат се: Башким Ибраими, Жаре Рангелов, Златко Митрушевски, Шани Мазлуми, Горан Ристовски, Владо Јаниќ и Борче Милоевски и Симче Кузмановски."

На прашање на јавниот обвиниел: "На кој начин и од кои причини и дали имало некој став по однос на семејствата на болните лица кои биле присутни па дури и ги изгубија животите заедно со своите најмили при настанување на пожарот", истиот изјави: "На барање на членови на семејството усмено до мене секој поединечно ми се обрати, да им се дозволи да седат со член од своите семејства, на што јас им посочив дека тоа не е дозволено во ковид-центрите, и тие едноставно влегуваат."

..//..

На прашање на јавниот обвинител: "Што вие презедовте како инстутица да го спречите присуството на цивилите во модуларните болници, истиот кажа: "На ден 13.08.2021 година се обратив писмено до Министерство за одбрана преку директорот на ЈЗУ Клиничка болница Тетово се тоа да биде институционално, со барање за помош да определат лица кои ќе помогнат во воспоставување на редот во модуларната болница, од тогаш одговор немам.

На прашање на јавниот обвинител: "дали побарал асистенција од полиција, доколку некој од членовите на семејството инсистирал да влезе внатре", истиот одговори: " Не се случило да барам асистенција од полиција за да некој член на некое семејство влезе кај болните од ковид-19".

Друго немам што да кажам.

Испитувањето на оштетениот заврши во 12:23 часот и се одвиваше без било каков прекин.

Јавен обвинител
м-р Лејла Кадриу

Сведок
Бобан Вучевски

Записничар
Марица Филиповска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр. 559/2021
ТЕТОВО, 16.11.2021 година

Врз основа на чл.89, 90 ст.1 и чл.212 ст.1 и чл.285 од ЗКП, се составува следниот

# З А П И С Н И К

## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

| Јавен обвинител | Сведок | Записничар |
|---|---|---|
| Ддејан Петрески | ЕТЕМИ АРТАН | Марица Филиповска |

**Лични податоци на сведокот:**

**Име: АРТАН**

**Презиме: ЕТЕМИ**

**Име на таткото: Сали**

**Место на раѓање: Приштина - Косово**

**Место на живеење: Тетово на [redacted]**

**Ден, месец и година на раѓање: [redacted] 1979 година ЕМБГ [redacted]**

**Припадност на заедница: Албанец**

**Занимање: економски факултет – вработен во ЈЗУ Клиничка болница –Тетово како организациски диркетор**

**Идентитетот се утврдува врз основа на лична карта [redacted] издадена од СВР-Тетово.**

**Испитувањето на сведокот започна во 10:10 часот.**

Со оглед на тоа дека не постојат услови за тонско и визуелно снимање, испитувањето ќе се врши записнички.

Согласно чл.9 од ЗКП, истиот е поучен дека има право да зборува на мајчин јазик, изјави дека ќе зборува на македонски јазик, бидејќи добро го владее јазикот на кој се води постапката.

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, сведокот се предупредува дека е должен да го извести Јавниот обвинител за евентуалната промена на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

../..

Согласно чл.219 ст.2 и чл.216 од ЗКП, должен е да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, предупреден е дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, дека не е должен да одговара на одделни прашања доколку е

веројатно дека со тоа би се изложил себе си или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

--------------------------

Јас од 05.11.2020 година јас со одлука – решение на Министерот за здравство под број 11-7542/1 сум именуван за вршител на должноста на организациски директор на ЈЗУ КЛиничка болница – Тетово. Освен ова решение, Министерот за здравство донесе уште едно решение со кое повторно сум именуван за ВД организациски директор а сотоа второ решение согласно, имам склучено и менаџерски договор. Бидејќи во моментот не ги поседува сите докази, се наложува да во рок од 3 дена да достави решение именаџерски договор и Статутот.

Моите права и обвски како ВД организациски директор се пропишани воедно и јас работев согласно Законот за здравствена заштита каде се именувани двајца директори согласно со законот и во ЈЗУ Клиничка болница уште двајца директори – т.е.е уште еден економски директор Флорим Бесими. Со медицинскиот директот Флорим Бесими имаме заеднички обврски, согласно Законот за здравствена заштита и статутот а и други акти, како на пример пријава – одјава на вработени, дисциплински постапки на вработени и слично, а основната разлика помеѓу ВД организацискиот и економскиот директор, се состои во тоа што медицинскиот директор го организира и менаџира делот на медицинскиот дел, односно персоналот, додека ВД организацискиот директор го организира целокупниот работен процес односно организацискиот дел.

Во некои ситуации кога јас сум сакал да ги завршам работите, согласно законот не сум можел да ги завршам затоа што со медицинскиот директор имаме врзани потписи т.е. ако јас сум сакал да направам нешто, тоа не сум го можел без потписот на медицинскиот директор, пример сум сакал некој вработен да го тргнам од техничка служба, поради жалење и поплаки кај медиуми, кајновинари, кај доктори, не сум можел докрај да ја завршам работата затоа што имеме врзанипотписи и заеднички дел од работата. Поконкретно моите работни задачи согласно решението за ВД организациски директор и менаџерскиот договор, како и статутот на болницата се контрола на работно време на вработените во болницата, контрола на материјално-финансиското работење односно фактурите, односно дали применета фактура е согласно договорот склучен преку јавни набавки со економските оператори, односно целокупниот дел на економското работење на болницата. По однос на обуките за вработените, мислам дека е задолжено лицето по име Зоран Серафимовски, вработен во болницата , но не сум сигурен дали и за што, беше тој задолжен. Јас сум задолжен, согласно одредбите за сите вработени во болницата,кои што не се медицински лица.

Јас и покрај тоа што, решението мое е од 05.11.2020 година, јас започнав во работа во болницата мислам дека од 26.11.2020 година. Беднаш откако стапив на работа ми се јавија од фирмата која што го постави темелот на болницата односно на модуларната болница. Не се сеќавам, мислам дека директорот Флорим им го дал мојот број на фирмата која го поставуваше основата на модуларната болница. Откако јас остварив средба со фирмата односно со нивен претставник, на името не можам да му се сетам, за пра пат не запозна со тоа каде ќе се гради таа модуларна болница, односно каде ќе биде поставена, и ми даде проект за тоа како ќе изгледа болницата со димензиите. Веднаш, бидејќи немаше место, претставникот инсистираше да се намали проектот, но јас инсистирав

бидејќи имаше место да се гради, согласно тој проект, бидејќи имаше ограда на просторот каде што требаше да се постави основата на модуларчата болница, јас ги повикав моите

вработени да ја отстранат оградата и се ослободи местото точно по проектот да се постави основата на болницата.

Сакам да напоменам дека, по однос на проектот, на поставување на модуларната болница, јас не сум имал никакви средби, ниту со претставници на министерството, ниту со претставници на изведувачот, освен тоа што сум ги гледал тука на лице место кога ја поставуваат болницата, освен во оние ситуации кога требаше модуларната болница да се приклучина струја, на водовод, на канализација и сум давал наредби на моите вработени . По однос на приклучоците сакам да напоменам дека најпрво инвеститорот ми укажа дека обврска на болницата е приклучоците на струја, вода и каналицазија да бидат обврска на болницата но, потоа приклучокот за вода не го оствариja, туку го остварив јас како организациски директор со помош на општината. По однос на приклучокот за струја, кај модуларната болница имаше 4 приклучни места кои што се наоѓаат од страна на болницата. Во непосрдна близина на болнциата на околу 100 метри и на местото каде што требаше да се постави модуларната болница има трафостаница па, така не можам точно да се сетам, меѓутоа јас координирав со вработени од болницата и тоа Бартон и Илчо кои се електричари вработени во Клиничката болница – Тетово, со претставници на ЕВН и со претставници од општината па, така заеднички констатиравме дека е потребно да се ископа канал со должина од околу 100 метри со поврзување на кабел од трафостаницата до приклучните места на модуларната болница. Приклучувањето на кабелот се одвиваше со претставници на ЕВН, бидејќи во делот на трафостаницата кој што беше заклучен, а не сум сигурен дали имаме ние клучеви од истата.

Поврзувањето на кабелот од трафостаницата до модуларната болнца, односно приклучокот на модуларната болница го вршеа вработени во ЈЗУ Клиничка болница и тоа лицата Бартон и Илчо, односно тоа беше надворешниот дел од модуларната болница, а внатрешниот дел заедно со приклучните табли поврзувањето го правеше фирмата "Брако" . Јас како што знам поврзувањето на надворешниот дел од модуларната болница, се одвиваше во координација со вработените на болницата и со претставници на ЕВН.

Контрола на поврзувањето на кабелот од трафостаницата до модуларната болница извршивме ние, односно јас со Бартон и со Илчо, а заеднички со претставници на "Брако" тоа што ги проверуваме приклучоците на Минстерстаото за труд и социјална и Министерство за здравство и претставник на фирма изведедувачот "Брако" и знам дека констатиравме еден проблем со приклучокот на бојлерот, односно имаше спој а тоа го отстрани Илчо во присуство на сите претставници од Министерство за здравство, Министерство за труд и социјала и фирмата изведувач "Брако". Ова всушност вршење на контрола на приклучокот за струја беше кога всушност кога се вршеше и примопредавање на модуларната болница на ЈЗУ Клиничка болница – Тетово. Всушност за денот на примопредавањето ми се јави, не се сеќавам, мислам дека беше Божин од Министерството за здравство и уште други троjца на имињата не можам да се сетам. Ова всушност беше вториот пат кога ми се јавија за примопредавање, а ми се јавија и еднаш претходно за денот на примопредавањето, но тогаш јас не бев во можност да присуствувам, а не бил во можност ниту да присуствува ниту медицинскиот директор.

За денот на примопредавањето, датумот го има на записникот за примопредавањето, се собравме на лице место , јас првин што направив прашав "дали објектот има технички прием", на што едно од лицата кое присуствуваа како комисија на примопредавањето ми укажа дека "технички прием е завршена работа, дека е

договорено е да модуларната болница е на користење на ЈЗУ Клиничката болница – Тетово." Се констатира дека има некои забелешки при технички прием, кои што се наведени

во записникот за примопредавање,беше договорено да, сетоа тоа се отстрани во рок од 5 дена. Забелешките се наведени во записникот., а дополнително од моја страна беше побарано да се направи и заштитна ограда за модуларната болница. Забелешките беа отстранети.Откако модуларната болнциа беше предадена со записник за примопредавање, јас со медицинскиот директор Флорим Бесими, се договоравме да поставивме одговорни лица во Модуларната болнциа, но тоа не се случи, бидејќи фати ширење на епидемијата на корона вирусот, а званично никогаш не беше пуштена во употреба модуларната болница, туку тоа се случи откако во месец август имаше голем бран и ми се јави д-р Халил, кој е одговорен во инфективното одделение во Клиничката болница – Тетово и ми кажа дека тој зборел со Флорим медицинскиот директор и се договриле, а треба да се кршат и вратите само да се примат пациентите во модуларната болница, зашто веќе Клиничката болница беше преполна со пациенти.

За тоа, кој вработен персонал од Клиничката болница – Тетово, ќе работи во модуларната болница, беше направено од страна на медицинскиот директор Флорим Бесими. Јас не направив никаква дополнителна контрола, бидејќи се беше направено од инвеститорот ''Брако'', освен кога после 10-тина дена, 10 кревети се скршија и не можеше да се упторебуваат, поради што јас се јавив кај инвеститорот ''Брако'' и побарав да ни донесат нови кревети.

Јас заедно со медицинскиот и директор за потребите на модуларната болница преку јавна набавка одлучивме дека е потребно да се набави кислород од кислородот кој веќе го имаме во Клиничка болница – Тетово во централата, до модуларната болница. Спроведовме јавна набавка и набавивме кислорот. Кога набавивме кислород укажавме дека е потребно да се спроведе од централата до Клиничката болница до секој кревет во модуларната болница. Изведувачот " ТГС" на кислородот тоа и го направи. Односно спроведе кислорот од централата до секој кревет на модуларната болница. Односно јас колку што знам некои дополнителни обуки за кислородот никој не спроведе, ниту ние како болница, а ниту изведувачот на кислородот. Откако ни беше инсталиран кислородот имавме неколку проблеми, најпрвин беа исечени од страна на некое лице доводните цевки за кислородот, еднаш кај модуларната болница, а потоа кај резервоарот со кислород, за што ја известивме и полицијата. За потребите на модуларната болница немаме набавено мерки и средства за противпожарна заштита зашто не ни текна во тие моменти, а дали Минситерство дало некое задолжување, јас не знам, пошто службените мејлови ги контролира медицинскиот директор.

Кога извршивме примопредавање на префабрикуваниот контејнер, односно модуларната болница, на тој состанок се сеќавам дека бев јас како економски директор, претставници на комисијата од двете министерства и претставнците на ''Брако'' и многу добро се сеќавам дека од Министерството за здравство,со оглед на фактот дека не беше клиничкиот директот Флорим Бесими на состанокот, туку беа јас присутен и тогаш од Министерството за здавство го исчкртале името на клиничкиот директор, и го напишале моето име и јас лично се потпишав и тогаш знам дека од комисијата ни рекоа дека ние треба да се грижиме за вода, струја и канализација. Ова ми беше кажано усмено, а можеби има исправено некој меил до болницата, во кој има само пристап само клиничкиот директор.

На прашање на јавниот обвинител: "дали набавиле план за евакуација во случај на вонредна состојба,согласно Законот за заштита и спасување", истиот одговори: "Тоа најверојатно треало да го направи инвеститорот "Брако" а, ние како Клиничка болница Тетово тоа не сме го направиле."

На прашање на јавен обвинител: "дали има организациониот директор некакво упатство, протокол за работа со пациенти во модуларната болница", истиот

одговори: "дека јас немам донесено никаква одлука или напатствија или протокол или слично за работа со пациентите на модуларната болница."

На прашање на јавниот обвинител: "Како и зошто се случило во модуларната болница да има и други присутни лица кои не се пациенти, истиот одговори: "Јас како организациски директот, неколку пати во текот на ноќта сум одел и да им давам подршка моите вработени и во некои ситуации сум служел и како избацивач односно сум ги бркал сите тие луѓе кои не биле пациенти третирани во модуларната болница. Знаев дека има присутни внатре дури сум имал и проблеми со некои од фамилиите на пациенетите,знам дека еден член на семејството на пациентка кога пациентката почина сакаше да ја нападне докторката која што беше дежурна во модуларната болница. За присуството на членови на семејствата на пациентите внатре во болницата, како и надвор во болницата, сум реагирал заеднички со медицинскиот директор неколку пати и тоа сум се обратил до МВР, АРМ, ЦУК и до други надлежни институции."

На прашање на јавен обвинител "Дали имаат набавено некакви обуку и услови за едуцирање на медицинскиот персонал со ракување на гасот со кислород за потребите на модуларната болница", истиот одговори:"

"За модуларната болница немаме набавено никакви обуки за персоналот, бидејќи тој персонал работеше претходно во Клиничка болница – Тетово во интерното одделение".

Имавме протокол од Министерство за здравство дека не треба да има други лица освен пациенти, имаше ставено на модуларната болница СТРОГО ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ, сум слушнал после дека и критичната вечер имало и други присутни во модуларната болница освен пациентите, тоа сум го слушнал.

Јас знам дека координатор на Ковид центарот за заболенитие од ковид 19 беше доктор Гзим Нуредини, кој е на специјализација, а одговорен за Ковид пациентите во модуларната болница беше д-р Бобан."

На прашање на јавен обвинител. "Дали е запознаен со некаков план за инсталирање на модуларната болница", истиот одговори: "Не знам за некаков план, не сум запознаен, само за овој план со димензиите на основата на модуларната болница што ми го прати инвеститорот 'Бракс' на мејл на мое име, односно на приватен мејл, а за друг план за процесот на монтажа на модуларната болница не сум запознат."

Уште еднаш појаснувам дека по однос на доводна струја до модуларната болница и кислород појаснувам дека министерот за здраство на неколку пати јавно има казано дека тоа е обврска на болницата, и дека пуштањето во употреба на болницата е по усмена наредба кон медицинскиот директор Флорин од страна на министерот за здратсво а ова ми го кажа директопрот Флорин.

Друго немам што да кажам.Сослушувањето на сведокот заврши во 12:20 часот и се одвиваше без било каков прекин.

Сведокот согласно чл.92 од ЗКП поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му биде прочитан, по што изјави дека го слушал гласното диктирање и не бара да го прочита записникот.

Јавен обвинител
Дејан Петрески

Сведок
Етеми Артан

Записничар
Марица Филиповска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр. 559/2021
ТЕТОВО, 16.11.2021 година

Врз основа на чл.89, 90 ст.1 и чл.212 ст.1 и чл.285 од ЗКП, се составува следниот

## ЗАПИСНИК
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

| Јавен обвинител | Сведок | Записничар |
|---|---|---|
| Зорица [illegible] | БЕСИМИ ФЉОРИН | Марица Филиповска |

**Лични податоци на сведокот:**

**Име:** ФЉОРИН

**Презиме:** БЕСИМИ

**Име на таткото:** Исљам

**Место на раѓање:** Тетово

**Место на живеење:** Тетово на [redacted] по лична карта, а живее на [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1974 година

**Припадност на заедница:** Албанец

**Занимање:** вработен во ЈЗУ Клиничка болница –Тетово како медицински директор по специјалност сум гинеколог

**Идентитетот се утврдува врз основа на лична карта** [redacted] **издадена од СВР-Тетово.**

**Испитувањето на сведокот започна во** 12.30 **часот.**

Со оглед на тоа дека не постојат услови за тонско и визуелно снимање, испитувањето ќе се врши записнички.

Согласно чл.9 од ЗКП, истиот е поучен дека има право да зборува на мајчин јазик, изјави дека ќе зборува на македонски јазик, бидејќи добро го владее јазикот на кој се води постапката.

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, сведокот се предупредува дека е должен да го извести Јавниот обвинител за евентуалната промена на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 и чл.216 од ЗКП, должен е да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, предупреден е дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, дека не е должен да одговара на одделни прашања доколку е веројатно дека со тоа би се изложил себе си или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење

---

Јас во Клиничка болница – Тетово сум назначен за директор односно медицински директор од страна на Министерот за здравство од 26.10.2012 година. Во меѓувреме во текот на 2020 година имав прекин на позицијата директор затоа што бев кандидиран за пратеник и тој прекин траеше 35 дена.

Согласно Законот за здравствена заштита, Универзитеските клиники, Клиничките болници, како и Здравствените домови кои имаат над 1000 вработени и имаат двајца директори. Односно органот директор има поставено двајца директори и тоа медицински директор и организациски директор. Во Законот за здравствена заштита надлежност како на медицинскиот така и на организацискиот директор се поделени, освен во Законот за здравствена заштита нашата належност е уредена и во Статутот на болницата и разните правилници и упатства за работа.

Ние сме единствена болница во РСМ акредитирани во Агенција за акредитација на РСМ и пред се како институција ја имаме акредитирано и биохемиската лабораторија. Сите здравствени институции, меѓу кои и нашата Клиничка болниц, капиталните инвеститции ги врши Министерството за здравство , средстаата за даваснје на тековните давачки, се добиваат од Фондот за здравствена заштита што го одредува односно нивото на средствата го одредува Фондот во преговори со нив, а дел од средствата се добиваат од други извори – партиципација на пациенти, приватни пациенти и други услуги како лекарски уверенија, а Клиничка болница Тетово дава само здравстрвени услуги.

Како медицински директор, моите работи и работни задачи се состојат во смисол на претежно на стручниот развојот на здравствениот кадар.следење на едукација на кадарот на целокупниот медицински персонал што работи во болницата и доктор и медицински сестри. Водам стручен колегиум, кој е составен од сите началници на одделенија и одговорни по однос на одделенијата, оддели, а стручниот колегиум се однесува на проблеми во врска со здравствената состојба, здравствени третмани, подобрување на здравствени услуги, давање на поквалитетни здравствени услуги, во дијагностицирање и тртмани, а началниците се одговори за работата на нивните оддели. Заеднички со организацискиот директор сме надлежни за вработрување на персоналот на болницата, вклучително и медицински и не медицински персонал како и тоа да сме двајцата одговорни потписници на сметката на болницата. Според Планот за јавни набавки, организационнот директор до мене го предлага и двајцата го образложуваме на управниот одбор и после организацискиот директор, сето тоа го следи сам и откако ќе биде тоа направено, двајцата потпишуваме.

Што се однесува на тоа, пред да се роди идејата за инсталирање на Модуларната болнциа во Тетово, уште во почетокот кога се разговараше за инсталирање на модуларните болници во Републиката, јас бев најголем противник и никогаш не присуствував на состаноците за инсталирање на вакви болници од причини што

Прво, идејата да се гради вакво тип на болници беше до болницата Лешок. Второ, општината бараше некое место во градот каде би можела да се смести вакое тип на болници, пошто општината има писмо од Влада каде и што треба да се гради, да има три пристапи на пат кон болницата однoсно ваквата комуникација колку што знам се одвивала помеѓу Општината и Министерствoто за здравство и Министерство за труд и социјална политика. Цело ермее бев против и јас не знаев воопшто дека е одлучено да таква болница се инсталира во склоп на Медицинските установи меѓу кои и ЈЗУ Клиничка болница – Тетово. Местото каде што е инсталирана модуларната болница мислам дека е на Здравствен дом, немаме некоја физичке делба но, тој простор припаѓа на Здравствен дом, затоа што во непосредна близина има и бензиска пумпа и резервоар. Тој простор го користел Здравствен дом.

Пред да се стави модуларната болница, јас сум барал да се доопреми и да се опреми и новиот дијагностички центар и новата болница што стои празна. За вакото барање имам и докуметни. А од морални причини бев против, затоа што барака е барака и таму не смеат да бидат сместени пациенти. Па така организацискиот директор, Артан Етеми, не знам на кој начин беше повикан од претставници од Министерството, не ми е познато од кое, па така тој целата работа околу инсталирањето на Модуларната болница ја водеше со преставниците на министерството. Односно сакам да појаснам дека претставници од Минситерствата з здравство и од Министерство за труд и социјална политика нитy ме повикале, нитy ме запознале, нитy пак ми укажале дека имам некои обврски за и околу модуларната болница.

Сакам да нагласам дека, нитy сум ја сакал, нитy сум ја нарачал, нитy некој ме прашал, а нитy сум се согласил за поцирање на болнцата во кругот каде што беше сместена ,нитy сум учествувал во процесот на градење на инсталирање и на вградување на елементите и на материјалите како и на медицинските средства во истата.

Јас на писмено не сум се обрапил никаде, бидејќи не беше во мој домен. Но колку што ми е мене познато, јас како резултат на мојот отпор последна се инсталираше модуларната болница во Тетово, од првата група.

Дури кога се вршеше примопредавање на модуларната болница, јас воопшто не бев нитy исконтактиран од никој, нитy пак прашан, нитy пак известен дека тој конкретен ден ќе се врши примопредавање на болницата, а како што ми е познато дури и на документите за примопредавање, односно на записницита за примопредавање, моето име е пречкртано и е напишано името на организацискиот директор, а кој го пречкртал не знам, а јас тоа го дознав дури откако се случи настанот со пожарот во болницата. Додека се инсталираше болнциата како што знам јас цело време организацискиот директор Артан Етеми, дури излегуваше на медиуми и изјавуваше дека се гради и во сабота и во недела, со цел да им помогнеме на пациентите да имаат подобра нега. Со почетокот на четартиот бран на епидемијата, крајот на јули 2021 година, јас бев во постојат контакт лично со Министерот за здравство за движењето на пациентите и за нивното сместување. Ние цело време комунициравме, и на инистистирање на министерот Венко Филипче да се отворат сите простории во клиничка болница и ми нареди целиот медицински персонал да се врати од специјализација од Скопје за да бидеме екипирани и да им пружиме помош на пациентите од ковид и да имаме екипи за да можат да ротираат. И ги вративме сите што беа и на специјализации и на одмори и се правеа екипи, бидејќи енормно растеше бројот на пациенти, дури стигна и да имаме цело време кислоррод. Го организиравме и тој процес заедно со министерот да имаме посебна цистерна само за болницата во Тетово. Како што ми е познато мене, организацискиот директор Артан Етеми му ги дал клучевите на докторот Бобан, со цел да се отвори модуларната болница и да се почнат да се примаат пациенти внатре во модуларната болница, зашто веќе беше преполна Клиничката болница- Тетово.

На еден од состаноците на стручниот колегиум кои се одвиваат секојдневно, колегиумот одлучи да се поделат одговорностите, кој ќе биде одговорен на кое одделение, се поделија и одговорниците кој ќе биде одговорен во инфективно одделение во Клиничката болница, во интернистичкиот блок, а за модуларната болница одговорен беше д-р Бобан, а кој беше назначен на стручниот колегиум. Односно на стручниот колегиум одлучи д-р Бобан да одлучува кој персонал ќе работи во модуларната болница, кој ќе биде одговорен, а сите одговорни на одделенијата, на стручен колегиум одлучија најтешките пациенти кои не можат да се движат и да се качуваат нагоре, а на кои ќе им треба неинвазивна и инвазивна кислородна подршка, да бидат сместени во модуларната болница. Во текот на распоредот кој од лекарите, кој ќе биде во модуларната болница, повторно одлучи стручниот колегиум а планот, односно распоредот на докторите да ја прави одговорниот во модуларната болница. По однос на медицинската опрема како и медицинските лекови и средства кои и беа потребни на модуларната болница, односно другите ковид центрти, одлучуваше координаторита односно одговорните на ковид центрите, меѓу кои и модуларната болница.

Во еден момент, се створи толку гужва од пациенти, кои што зависеа од кислородна поддршка, што ние ги примавме во модуларната болница, бидејќи клиничката болница беше преоптеретена, а Скопје не ги прифаќаше, а и Лешок не ги прифаќаше, а претходно на Лешок им препраќавме пациенти со лесна клиничка слика. Во тој период доаѓаше на испомош и д-р Илир Демири кој е доктор во инфективната клиника во Скопје и кој заедно со Бобан, на кого што му помагаше немаа ниту слободно време, бидејќи имаше голем наплив на пациенти. Дојде момент кога се наполни и модуларната болница и јас бев во контакт со министерот и со д-р Докиќ, а министерот се залагаше секој пациент кој што ние ќе го препратиме од Тетово да биде примен во една од клиниките низ републиката каде што има слободно место а со тоа не дозволивме ниту еден пациент да ни почине на улица.

На прашање на јавниот обвинител: "како дојде до тоа да се стави кислород во модуларанта болница", истиот одговори, "Ние како болница со писмено се обративме до Министерство за здравство и до Општина Тетово да ги обезбедат сите можни документи што треба и да се постави кислородот во болницата, па бидејќи Артан Етеми како организациски директор ги водеше веќе претходно затекнатите работи со струја, канализација, водоводот па и кислородот, како и другото што требаше да и служи на модуларанта болница, сето тоа го водеше организацискиот директор – Артан.

Јас како медицински директор, не бев воопшто вклучен како во процесот на инсталирањето на болницата, така и во процесот на отпочнување на модуларанта болнциа со работа, па и подоцна со тековните работи како што е и кислородот, а тоа го правеше и организациониот директор со министерството и со општината. За сето ова јас му кажав на организацискиот директор да работи и да прима се според протоколите и законските прописи, а тој ми рече дека ќе преземе се и ќе работи како што треба за да се пушти модуларната болница. За доказ дека не сум прифатил тоа стои во сите документи, кои се однесуваат за модуларната болница, а кои не сум ги потпишал.

На прашање на ЈО: "дали медицинскиот директор издал некаква наредба, некаква одлука за да се примаат пациенти во модуларната болница", истиот одговори: "Лично јас не сум издал никаква наредба за прием на пациенти во модуларната болница. Но, Артан ги имаше клучевите, и велеше дека се е како што треба, дека имало некакви недостатоци кои што биле отклонети и на него на крај му ги дале клучевите и дека ќе може да се примаат пациенти, а стручниот колегиум на болницата одлучи како да се движат пациентите, односно како да бидат сместени.

На прашање на ЈО : 'како и зошто се случило во болницата да има и други лица кои не се пациенти, а биле членови на семејствата на пациентите: истиот одговори: "Јас знаев дека има членови на семејствата надвор од модуларната болница, а за внатре не сум бил запознат, нити пак сум слушнал дека имало придружба, бидејќи е тоа забрането, согласно нашите протоколи за забрана за влез за други лица во одделенијата за ковид, вклучително и доктори од другите одделенија на клиниката кои не биле ангажирани за ковид-пациенти"

На прашање на ЈО: "дали медицинскиот директор направил некаков распоред за вработени во модуларната болница" истиот одговори: "Распоредот го правеше како што споменав погоре одговорниот на модуларната болница Бобан, а во другите одделенија сум ги правел јас.

На прашање на ЈО: "дали медицинскиот директор е запознат со тоа и дали набавиле некакви обуки и услуги, за обучување на вработениот персонал за работа на вработените со кислородот, со мерки за противпожарна заштита како и мерки и средства за евакуација во случај на вонредна ситуација за модуларната болница, како и мерки за лична заштита на персоналот" истиот одговори: "Како што ми е мене познато јас сум набавил обуки за медицинскиот персонал за ракување со кислородот, но во рамките на Клиничката болница, а не конкретно за модуларната болница, за мерки и противпожарна заштита имаме направено набавки за услуги, имаме едукации направено, но, за рамките на клиничката болница имаме и одговорно лице кое се грижи за противпожарна заштита, а тој се вика Зоран Серафимовски. Но, за модуларната болница не знам дали е известен од страна на организацискиот директор. А исто така имаме изработено и план како болница за евакуација при елементарни непогоди исто така за клиничката болница, а за модуларната болница не сум запознаен.

На прашање на ЈО "дали разговарл за пуштање односно дали издал наредба до д-р Халил или некое друго лице за пуштање на модуларната болница во употреба, истиот одговори: "Не е точно дека јас сум дал наредба да се пушти во употреба модуларната болница".

На прашање на ЈО: "Чија обврска било за инсталирање на кислородот и другите потребни работи во модуларната болница, истиот одговори: "Тоа е работа и надлежност на организацискиот директор Артан Етеми како што кажав и погоре, сите работи околу модуларната болница ги водеше организацискиот директор со членови на општината и на претставници на Министерство за здравство и Министерство за труд и социјала. За целата документација што ме задолжувате на записник во најраткок можен рок ќе ви ги доставам верно на оргиналот во рок од 3 дена.

Сакам да нагласам и тоа дека цевките на кислородот беа исечени од страна на непознато лице во текот на месец јуни кога не беше пуштена болницата против НН сторител, во пикот на пандемијата односно во бранот на пандемијата, повторно по втор пат ни беа сечени и оштетени цевките за кислород за кое нешто исто така пријавив во СВР-Тетово.

Покрај и тоа што Клиничката болница беше ковид центар за регионот, ние се трудевме да не оставиме ниту еден граѓанин кој ќе има потреба од здравствени услуги, а кои биле животно загрозувачки, односно со други зборови не дозволивме да ја затвориме болницата за итни и за редовни пациенти и истите да ги испраќаме по другите болници во републиката, туку редовно примавме и редовни и итни, а исто така работевме и со ковид-19 пациенти.

Сакам да напоменам  дека  јас ниту сум влегол во модуларната болница, ниту сум ја погледнал, ниту сум имал клучеви, ниту сум дал клучеви на некого, лично беа против тоа.

Друго немам што да кажам . Сослушувањето на сведокот заврши во 15:20 часот и се одвиваше без било каков прекин.

Сведокот согласно чл.92 од ЗКП поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му биде прочитан, по што изјави дека го слушал гласното диктирање и не бара да го прочита записникот.

| | | |
|---|---|---|
| Јавен обвинител | Сведок | Записничар |
| Зорица П[illegible] | Б[illegible]ими Фљорин | Марица Филиповска |

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО.бр. 559/21
ТЕТОВО, 29.11.2021 година

Врз основа на чл.64, 89, 90 ст.1, чл.112 и чл.212 ст.2 од ЗКП, се составува следниот

# ЗАПИСНИК
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

| **Јавен обвинител** | **Лице** | **Записничар** |
|---|---|---|
| **м-р Лејла Кадриу** | **БАРТОН ЈОСИП** | **Марица Филипоска** |

Лични податоци на лице кое дава податоци:

**Име: ЈОСИП**

**Презиме: БАРТОН**

Име на таткото: Фрањо

Место на раѓање: Тетово

Место на живеење: Центар – Скопје на [redacted] по лична карта, а со место на живеење на [redacted] во Тетово

Месец и година на раѓање: [redacted] 1977 година

Припадност на заедница: Македонец

Занимање: вработен во ЈЗУ Клиничка болница – Тетово како електричар

Однос со обвинетиот и оштетениот: /

Испитувањето на лицето започна во: 11:13 часот.

Лицето се идентификува со лична карта број [redacted] издадена од МВР-Скопје на ден [redacted] година.

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, лицето ќе се сослуша во својство на сведок, се предупредува дека е должен да го извести Јавниот обвинител за евентуалната промена на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Пред започнување со испитување, оштетениот е поучен дека:

Согласно чл.219 ст.2 и чл.216 од ЗКП, должен е да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, предупреден е дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, дека не е должен да одговара на одделни прашања доколку е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење, па сведокот изложи:

Некаде во трети месец 2021 година, на мене и на мојот колега Илчо Јакимовски, а кои сме двајцата вработени во Клиничка болница - Тетово како електричари, ни се јави техничкиот директор на Клиничка болница –Тетово и отидовме кај него во канцеларија и ни кажа дека е потребно да се пушти - спроведе струја до модуларната болница, а која веќе беше изградена. Ние му рековме дека немаме технички услови за да ние сами го направиме тоа. Со оглед дека, требаше да се копа и да се монтира главна табла за доводниот кабел до модуларната болница. Откако го запознавме директорот, тој ни рече дека ќе најдеме некој да дојде да ни помогне во делот за ископот и за подземниот кабел. После тоа директорот Артан ни се јави и ни кажа дека ќе дојде еден багер за да ни помогне да се направи ископот на каналот и да го положат кабелот. Се тоа беше направено под нашиот надзор, а од страна на фирмата "Електра". Потоа тие дојдоа со багер и ископаа канал од 5-амперско броило, кое се наоѓа во болницата позади кардиологија до модуларната болница. Потоа, врз основа на еднополна шема која ни ја има дадено "Брако" фирмата која ја градела модуларната болница ја има дадено на директорот Артан, а тој ни ја даде нас, а врз основа на потрошувачката која е прикажана во еднополната шема се одлучи каков кабел, со која јачина, односно каков пресек на кабел треба да се пушти. Врз основа на тоа, заедно со мојот колега Илчо израчунавме каков пресек требаше да се става, а требаше кабел да биде со сила на пресекот од алумин 4 x 150 мм, но ние пуштивме 4 x 240 мм за да има подобра јачина за евентуално поголема потреба за електрична енергија, а тоа одлучивме по претходни консултации со многу колеги електричари, за да го појачаме наместо 150мм да биде 240 мм, ако евентуално има потреба да се догради за да кабелот биде издржлив за евентуално поголеми потреби, односно за поголема киловатажа. Тоа што е кабелот од 240 mm во пресекот не претставува никаква дополнителна штета и не може да предизвика последица, единствено што може е како што ви кажав да биде од помош за евентуално нови потреби од поголема јачина на доводот на електрична енергија. Потоа, откако се ископа канал, се постави кабелот и поцинкована трака за заземјување и упозорителна лента. Исто така, сакам да појаснам дека како дополнителна заштита монтиравме близу трафостаницата РО 1-орман, со постолиња од 250 ампери да му служи како плус заштита на подземниот кабел.

Јас и Илчо го поставивме ормарот кој беше обезбеден од страна на Клиничка болница – Тетово. Откако завршивме со работите ги повикавме претставнците на "Брако". Тие дојдоа, односно кога дојдоа претставниците на "Брако" фирмата, односно дојдоа 2 или 3 лица не ги знам, и ние им покажавме дека сме постапиле по таа еднополна шема, сме израчувале колку треба да биде довод до другите 4 точки кои ормари на модуларната болница беа монтирани од страна на фирмата "Брако". Прецизирам дека до 4-рите точки полагавме каблови со пресеци 4 x 25 мм АЛ, плус 1 x 10мм ЦУ кабел за заземјување и дали е сега се во ред, за да им биде пуштена струјата. Тие погледнаа и ни кажаа дека е се во ред, освен што е потребно кабелот кој оди од таблите, од изводите, да бидат во гибриво црево. Ние постапивме по нивното барање. Исто така им кажавме да проверат да немаат случајно нешто вклучено бојлери, клими и евентуално нешто друго пред да се пушти струјата. Тие проверија внатре и во нивно присуство пуштивме струја. Појаснувам дека во кругот на Клиниката болнца- Тетово имаме наша трафостаница од каде што е земена и струјата во конкретниот случај, односно напојување со електрична енергија. ЕВН не изведува работи кога трафо е во сопственост на некој друг.

Тоа е се што знам, се сеќавам дека ние не можевме да работиме под напон и дека ЕВН ни направи услуга и го исклучи доводот на струја кај трафостаницата, а да ние можеме врски да правиме за да се пушти довод на струја до модуларната олница на тие работи што претходно ви ги објаснив. На крај сакам да ви кажам дека ткако изгоре модуларната болница, единствено работите што ги имаме изведувано со лчо останаа неоштетени, што го потврдува фактот дека ние поставивме јквалитетена заштита и најквалитетни материјали кои ќе спречат билокаква штетна ледица да настане од нашата работа.

..//..

Некаде во трети месец 2021 година, на мене и на мојот колега Илчо Јакимовски, а кои сме двајцата вработени во Клиничка болница - Тетово како електричари, ни се јави техничкиот директор на Клиничка болница –Тетово и отидовме кај него во канцеларија и ни кажа дека е потребно да се пушти - спроведе струја до модуларната болница, а која веќе беше изградена. Ние му рековме дека немаме технички услови за да ние сами го направиме тоа. Со оглед дека, требаше да се копа и да се монтира главна табла за доводниот кабел до модуларната болница. Откако го запознавме директорот, тој ни рече дека ќе најдеме некој да дојде да ни помогне во делот за ископот и за подземниот кабел. После тоа директорот Артан ни се јави и ни кажа дека ќе дојде еден багер за да ни помогне да се направи ископот на каналот и да го положат кабелот. Се тоа беше направено под нашиот надзор, а од страна на фирмата "Електра". Потоа тие дојдоа со багер и ископаа канал од 5-амперско броило, кое се наоѓа во болницата позади кардиологија до модуларната болница. Потоа, врз основа на еднополна шема која ни ја има дадено "Брако" фирмата која ја градела модуларната болница ја има дадено на директорот Артан, а тој ни ја даде нас, а врз основа на потрошувачката која е прикажана во еднополната шема се одлучи каков кабел, со која јачина, односно каков пресек на кабел треба да се пушти. Врз основа на тоа, заедно со мојот колега Илчо израчунавме каков пресек требаше да се става, а требаше кабел да биде со сила на пресекот од алумин 4 x 150 мм, но ние пуштивме 4 x 240 мм за да има подобра јачина за евентуално поголема потреба за електрична енергија, а тоа одлучивме по претходни консултации со многу колеги електричари, за да го појачаме наместо 150мм да биде 240 мм, ако евентуално има потреба да се догради за да кабелот биде издржлив за евентуално поголеми потреби, односно за поголема киловатажа. Тоа што е кабелот од 240 mm во пресекот не претставува никаква дополнителна штета и не може да предизвика последица, единствено што може е како што ви кажав да биде од помош за евентуално нови потреби од поголема јачина на доводот на електрична енергија. Потоа, откако се ископа канал, се постави кабелот и поцинкована трака за заземјување и упозорителна лента. Исто така, сакам да појаснам дека како дополнителна заштита монтиравме близу трафостаницата РО 1-орман, со постолиња од 250 ампери да му служи како плус заштита на подземниот кабел.

Јас и Илчо го поставивме ормарот кој беше обезбеден од страна на Клиничка болница – Тетово. Откако завршивме со работите ги повикавме претставнците на "Брако". Тие дојдоа, односно кога дојдоа претставниците на "Брако" фирмата, односно дојдоа 2 или 3 лица не ги знам, и ние им покажавме дека сме постапиле по таа еднополна шема, сме изрaчувале колку треба да биде довод до другите 4 точки кои ормари на модуларната болница беа монтирани од страна на фирмата "Брако". Прецизирам дека до 4-рите точки полагавме каблови со пресеци 4 x 25 мм АЛ, плус 1 x 10мм ЦУ кабел за заземјување и дали е сега се во ред, за да им биде пуштена струјата. Тие погледнаа и ни кажаа дека е се во ред, освен што е потребно кабелот кој оди од таблите, од изводите, да бидат во гибриво црево. Ние постапивме по нивното барање. Исто така им кажавме да проверат да немаат случајно нешто вклучено бојлери, клими и евентуално нешто друго пред да се пушти струјата. Тие проверија внатре и во нивно присуство пуштивме струја. Појаснувам дека во кругот на Клиниката болнца-Тетово имаме наша трафостаница од каде што е земена и струјата во конкретниот случај, односно напојување со електрична енергија. ЕВН не изведува работи кога трафо е во сопственост на некој друг.

Тоа е се што знам, се сеќавам дека ние не можевме да работиме под напон и дека ЕВН ни направи услуга и го исклучи доводот на струја кај трафостаницата, за да ние можеме врски да правиме за да се пушти довод на струја до модуларната болница на тие работи што претходно ви ги објаснив. На крај сакам да ви кажам дека откако изгоре модуларната болница, единствено работите што ги имаме изведувано со Илчо останаа неоштетени, што го потврдува фактот дека ние поставивме најквалитетена заштита и најквалитетни материјали кои ќе спречат билокаква штетна последица да настане од нашата работа.

Друго немам што да кажам.

Испитувањето на оштетениот заврши во 11:55 часот и се одвиваше без било каков прекин.

**Јавен обвинител**
**м-р Лејла Кадриу**

**Лице кое дава податоци**
**Бартон Јосип**

**Записничар**
**Марица Филипоска**

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 20.09.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

## ЗАПИСНИК

## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**

Дејан Петрески

**Лице кое дава потребни известувања**
Деспина Србиновска - Шандуловска
Проект координатор во проектна единица при Министерство за труд и социјална политика

**Записничар**
Фросина Стојановска

**Лични податоци:**

**Име :** Деспина

**Презиме :** Србиновска - Шандуловска

**Име на таткото:** Илија

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted].1987 година,

**Единствен матичен број :** [redacted] идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонка

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Проект координатор во проектна единица при Министерство за труд и социјална политика

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во** 10,15 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум Проект координатор во проектна единица при Министерство за труд и социјална политика, проект координатор за компонентата здравство. Овој проект има две компоненти, едната компонента се однесува на здравство, поточно за активности од проектот кој се имплементира за сегментот здравство. Другата компонента се однесува на активностите во проектот кој се имплементира за компонентата труд и социјала. Бидејќи во Министерството за здравство немало воспоставено функционална проектна единица за имплементација за проекти финансирани од Светска банка, веќе воспоставената проектна единица при Министерството за труд и социјална политика е задолжена за имплементација и на овој проект кои воедно ги содржи и двете компоненти. Прокетната единица е имплементирана за реализација на прокетот за итно справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид 19, проект кој е реализиран со договор за заем од Светска банка. Сите активности кои се имплементираат за компонента здравство се на иницијатива на Министерството за здравство, односно врз основа на потребите идентификувани за справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид 19. Во таа смисла како координатор за компонента здравство моите задолженија се однесуваат на тоа како линк односно контакт точна помеѓу проектната единица и Министерството за здравство. Кога е потребно да се потпишуваат документи од страна на министерот за Здравство за кооресподенција со светска банка во смисла на тоа да се преземат активности по однос на набавка на пример лекови, целата кореспонденција од предлогот за Министерството за здравство ја спроведувам до Светска банка, медицинска опрема и слично наменети за ковид центрите низ државата, дијагностицирање и третман н а пациенти од ковид, доставување на извештаи до Светска банка и слично. На почетокот од овој проект за справување со кризата Ковид 19 јас не сум била вклучена, се вклучив подоцна, меѓутоа како ми е познато се одвивале преговори со Светска банка и Министерствата за здравство и труд и социјална политика, каде што се презентирани потребите на здравствениот систем во однос на подобрување на условите за справување со предизвикот од ковид кризата. Тоа се однесува на зголемување на капацитетите за сместување третмани и дијагноза на пациенти, обезбедување соодветни лекови за истите,

обезбедување опрема, каде што во рамките реализација на проектните активности Светска банка како надлежна инстанца за доделување на финансиските средства ги одобрува односно ги прифаќа или не ги прифаќа иницијативите кои потекнуваат од соодветните Министерства за нивните потреби.

Во моментот кога се вклучив јас во проектната единица тоа е 15.11.2020 година во тој момент јас веќе увидов дека се воделе и се водат се уште преговори во однос на набавката на префабрикуваните монтажни контејнери односно како што ми е познато дека веќе беше објавен меѓународен оглас за набавка на истите. Конкретно како што мене ми е познато бидејќи веќе се одвивале работи јас во тој момент се вклучив само во координација и комуникација со Министерството за здравство а во согласност со моите работни обврски за набавка на сите оние работи кои се однесуваат на борбата за ковид 19, а се во врска со проектот за заем од Светска банка. Во врска со набавката на префабрикуваните монтажни контејнери јас бев вклучена во работа за формирање на комисии за следење и имплементација на договорот, тоа е фаза веќе откако е завршена целата набавка. Сакам да додадам дека по однос на монтажните префабрикуваните контејнери откако е извршена набавката и е започнат процесот на инсталирање на истите, моите задолженија беа да остварувам контакти со одговорните лица на јавните здравствени установи во градовите каде што ќе се инсталираат истите со претставници од општината, односно и со лицата вработените во МТСП и Здравство кои пак беа ангажирани од соодветните Министерства да го набљудуваат процесот на имплементација на договорот односно имплементација на монтажните контејнери.

Јас поконкретно ги координирав активностите на вработените кои беа во комисиите за имплементација и следење на договорот односно за инсталирање на контејнерите. Како што ми е познато вработените во МТСП и Здравство се од редот на квалификувани и стручни лица инженери кои одеа на лице место каде што се инсталираат модуларните објекти и вршеа увид по однос на тоа дали при процесот на инсталирање се запазуваат обврските од договорот, односно претходни изготвените правила и рамки. Ова конкретно се однесува на рамка за управување со животната средина која е одобрена од Светска банка и која се однесува на тоа да при процесот на инсталирање на контејнерите бидат запазени сите мерки и процедури по однос на заштита на животна средина и здравје и безбедност при работа. Ова може подетално да Ви го објаснат моите колеги од областа на животната средина офицерите Славјанка и Зоран. Сакам да напоменам дека откако беа инсталирани контејнерите во секој град односно ЈЗУ каде што беше инсталирани контејнерите од страна на МТСП и Здравство се вршеше и книжно задолжување на јавните здравствени установи на кои им се доделени префабрикуваните монтажни контејнери, ова не се однесува на записникот за примопредавање, кој му претходни на книжното задолжување, а книжното

задолжување се однесува на документ во кој се наведува типот на модуларната болница, односно контејнерите за кое се задолжува соодветното ЈЗУ да премине во понатамошно управување, односно ова книжно задолжување преставува форма на преминување на управувањето и сопственоста со монтажните контејнери.

Сакам да додадам дека исто така по однос на монтажни префабрикувани контејнери од страна на Светска банка, од единицата за животна средина има изготвено и одобрено од Светска банка одредени рамки за секој град поединечно во кои се сместуваат контејнерите по однос на тоа дали се преземени сите мерки за заштита на животна средина и безбедноста при работа во процесот на поставување на контејнерите. Ова подетално ќе Ви го објаснат колегите од животна средина.

Јас комуницирав и со лицето Вања Андонова која е архитект или инженер во Министерството за здравство, односно лицето кое ја изготви техничката документација за набавка на контејнерите. Мојата комуникација се одвиваше по однос на тоа Вања да ме запознае со градовите во кои ќе се поставуваат монтажните контејнери, какви типови и комуникација по однос на тоа кои лица во Министерството за здравство се од областа стручни и надлежни за да можам јас знам со каков кадар располага со Министерството за здравство за следење и имплементација на договорот за набавка на префабрикувани монтажни контејнери.

Што се однесува на проектната единица согласно моето звање јас не сум стручна да дадам мислења или да учествувам во изработка на некои активности по однос на техничката спецификација, по однос на другата придружна документација, туку единствено јас комуницирав и координирав активности кои произлегуваат со комуникација со Светска банка, координација со проектната единица помеѓу МТСП и Министерство за здравство.

Сакам да дополнам и тоа дека што се однесува на набавката на префабрикуваните контејнерите Светска банка во три наврати дава одобрение за продолжување на секоја активност по однос на набавката за префабрикуваните монтажни контејнери. Во таа смисла првично Светска банка дава одобрение на иницијативата за потребите за зголемување на капацитетите на јавните здравствените установи за третман, дијагноза и сместување на пациенти, понатаму Светска банка дава одобрение во следната фаза која се однесува на техничката спецификација, имено техничката спецификација најпрво се испраќа до Светска банка од каде што се добива одобрување за истата за да може да се премине кон објавување на оглас. Следствено на тоа се изготвува евауалационен извештај на пристигнатите понуди кој исто така е предмет на одобрување од Светска банка, без Светска банка да даде одобрување на овие фази не може да се премине кон склучување договор. Поточно Светска банка го одобрува евауалациониот

извештај и дава „no objecttion“ без приговор, односно менаџерот за јавни набавки Сања Андонова го испраќа евалуациониот извештај составен од комисијата за евалуација на понудите до Светска банка од каде Светска банка дава одговор повторно со „no objecttion“ во сите три фази во форма на имел адреса со надлежните лица. Без одговорот „no objecttion“ од Светска банка на извештајот на еваулација на понудите не може да се премине кон склучување на договорот и ова е процедура на Светска банка за сите можни набавки кои се одвиваат преку проектите финансирани од нивна страна.

По случувањето на трагичниот настан надлежните лица од Светска банка упатија прашања до нас како прокетна единица со цел да ги дознаат причините за настанувањето на пожарот. Јас лично како координатор ги известив дека веднаш по дознавање на официјални причини за настанување на пожарот дека ќе бидат информирани.

По однос на примопредавањето на монтажните контејнери, односно модуларната болница во ЈЗУ Тетово дали имало забелешки кој го примил и слично, изјави дека не и е познато ништо по однос на примопредавањето на модуларната болница во Тетово.

Сакам да појаснам дека јас сум вработена во проектната единица при МТСП за спроведување на проектот за итно справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид 19 инаку проектната единица е основана и формирана од МТСП, а се финансира по однос на платите на вработените согласно проектната документација на Светска банка, односно платите на вработените во проектната единица ги финансира Светската банка.

Испитувањето заврши во 11,50 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

| | |
|---|---|
| **Јавен обвинител** | **Лице кое дава потребни известувања** |
| Дејан Петрески | Деспина Србиновска - Шандуловска<br>Проект координатор во проектна единица при Министерство за труд и социјална политика |
| **Записничар**<br>Фросина Стојановска | |

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 17.09.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

# ЗАПИСНИК
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
М-р Бесир Алиу

**Лице кое дава потребни известувања**
Елизабета Куновска
Проектен менаџер на проектна едница при Министерство за труд и социјална политика

**Записничар**
Соња Станковиќ

**Лични податоци:**

**Име :** Елизабета

**Презиме :** Куновска

**Име на таткото:** Тодор

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted].1972 година,

**Единствен матичен број :** [redacted], идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонка

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Проектен менаџер на проектна едница при Министерство за труд и социјална политика

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во** 10,20 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум проектен менаџер на проект за итен одговор за справување со ковид кризата или на англиски North Macedonia Emergency COVID 19 Response Project P73916. Како што мене ми е познато на предлог на Министерството за здравство, Министерство за финансии некаде во почетокот на 2020 година по појавување на корона вирусот Ковид -19, се обратило до Светска банка со барање за одобрување на кредит за итно справување на ковид кризата. Постапувајќи по ова барање одборот на директори на Светска банка на 02.04.2020 година го одобрува кредитот во износ од 90.000.000 евра. По одобрување на кредитот Светската банка го известува Министерството за финансии односно Владата/Министерството за финансии го изготвува предлог закон за заем. Потоа следуваат преговори помеѓу Светска банка и Министерство за финансии а во присуство на претставници на Министерство за труд и социјална политика и Министерство за здравство, а за преговорите ќе ви доставам записници и друга пропратна документација.

Се чита целата документација што се однесува до проектот, а изработена од Светска банка и Министерство за финансии во соработка со проектната единица и претстаници од МТСП и Министерство за здравство. Да појаснам проектната единица е единица во состав во Министерството за труд мислам дека е формирана 2004 година и нејзина ингеренција е да ги спроведува проектите финансирани од светска банка во делокругот на Министерството за труд и социјална политика до сега. За прв пат се случи да на оваа проектна единица и се даде проект со компонента што се однесува на здравствениот систем и здравството.

Проектната документација се состои од пример - договор за заем, проект за одобрување, оперативен прирачник, план за набавки, рамка за управување со животна средина и менаџмент за заштита на околина и социјални прашања, односно целокупната документација ќе ви ја доставам во понеделник. Проектот има три компоненти првата компонента се состои од итно справување со кризата од Ковид 19 ( компонента за здравство) втората компонента е поддршка на домаќинства за овозможување на социјално дистанцирани и третата компонента е проект на имплементација, комуникација вклучување на заедницата и мониторинг. Првата компонента се однесува на здравство и одговор на здравствената криза, а втората компонента се однесува на финансирање на корисници на гарантирана минимална помош и исплата на невработени лица кои што останале без работа како резултат на ковид

кризата, а третата компонента е менаџирање на проектот односно негово спроведување и следење. Одлуките за првата компонента односно се што се однесува од самата потреба и иницијативи ги носи Министерство за здравство. На првата компонента согласно планот одобрен од Светска банка е 34.050.000 евра, втората компонента е 54.830.000 евра и третата 0,9 милиони евра. Бидејќи во Министерството за здравство нема ваква проектна единица за спроведување на проекти од Светска банка, Мислам дека Владата донела одлука проектната единица при Министерство за труд да го спроведува овој проект.

Сите проектни документи и цела работна комуникација се одвива се на англиски јазик со светска банка. По барање од Министерот за здравство мислам дека тоа беше усно кажано или на редовните состаноци или преку меил комуникација беше побарано од нас како проектна единица да се обратиме до Светска банка со барање набавка на модуларните болници да влезе во планот за набавки и тој да се испрати до Светска банка на одобрување. Ова наше барање на проектната единица беше одобрено од страна на Светска банка и така монтажните префабрикувани контејнери влегоа во планот на набавка. Од страна на Вања Андонова архитект во Министерството за здравство, добивме техничка спецификација за набавка транспорт и монтажа на префабрикувани монтажно демонтажни контејнери за формирање на ковид центар со стационар со капацитет од минимум 33 болнички кревети. Министерството за здравство ги одреди и градовите во кои што треба да се постават и тие контејнери – модуларни ковид центри. Потоа колешките кои што работат на набавки а тоа се Сања Андоновска и Маја Бундалески ја праќаат техничката спецификација на одобрение во Светска банка. По забелешките од Светска банка, беше постапено од нас како проектна единица ние ги препративме до Министерството за здравство, откако ги направија потребните корекции во Министерството за здравство, ги пратија до нас како проектна единица а ние ги пративме повторно до Светска банка. Тука сакам да појаснам дека јас како проектен менаџер не сум правела увид во техничката документација, бидејќи не сум стручна и немам овластување за тоа. Потоа е добиено одобрение да се продолжи со набавката односно да се објави тендер за набавка на регионалните ковид центри односно префабрикувани монтажни контејнери. Пропишано е согласно процедури на Светската банка на кој начин и како се спроведуваат набавките за монтажните префабрикувани контејнери. Дел од набавката и како точно се одвива ќе ви појасни колешката Сања Андоновска која е специјалист за набавки при Министерството за труд и социјална политика. Како што ми е познато мене колешките кои што работат во делот за набавки на контејнерите и ја објавува во Бирото за јавни набавки и меѓународно во UNDB – UNITED NATIONS DEVELOPMENT BUSINESS. На набавката што е дадена од страна Министерството за труд и социјална политика конкурирале четири компании и тоа две меѓународни и две македонски компании. За избор на најповолен понудувач одлучува комисија формирана во состав на претставници од Министерство за здравство и Министерство за труд а по претходно прибавена номинација од Министерот за здравство. Комисијата подготвува евалуционен извештај за избор на најповолен понудувач на кои сите се потпишуваат своерачно кој потоа се праќа во Светска банка на одобрение и истиот е одобрен од Светска банка дека изборот на комисијата е соодветен на бараните

критериуми во огласот. Откако го одобри Светска банка се известуваат сите компании кои што конкурирале на набавката и истите имале право на жалби по поминувањето на сите рокови се подготвува писмо за доделување на договор на најповолниот понудувач. По жалбите кој точно одлучува сега не знам, но детално ќе ви образложи Сања и целата постапка. Конкретно за оваа набавка немаше жалби.

На 14.10.2020 година е објавена набавката за поднесување на понуди од проектната единица при Министерството за труд со рок на поднесување на понуди до 04.11.2020 година. Ние како проектна единица бевме задолжени за 17 регионални ковид центри односно 19 како што во јавноста се комуницира, од кои во Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Козле, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Ресен, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Потоа се склучува договор со најповолниот понудувач а во конкретниот случај е Брако од Велес и ЈБТ Ари и Том од Валандово. Министерот за труд – Јагода Шахпарска ги потпиша договорите со фирмите - најповолните понудувачи, а во договорите има рок кога да бидат истите реализирани. После тоа од страна на Министерот за труд и социјална политика формира комисија по претходно номинирани членови од Министерот за здравство за примопредавање на наведените ковид центри – контејнери.

Се врши примопредавање во која што учествува мешана комисија со претставници од здравство и министерство за труд а примопредавањето во овој случај беше вршен со записник на кој што е потпишан и претставник од болницата и сите други членови на комисија. По однос на монтажните контејнери во Тетово има два записници за примопредавање од кој што првиот е неуспешен затоа што е вратен од страна на директор на ЈЗ Клиничка болница Тетово бидејќи истиот имал некакви замерки, а тие замерки биле мали , не знам стручно кои биле, а потоа е потпишан по од прилика 10 дена е потпишан од страна на економскиот директор. Не е извршен технички прием затоа што се работи за набавка на стоки, а не на градежни работи. Јас не сум била на примопредавање.

На прашање на Јавен обвинител по кои правила насоки од Светска банка се инсталирааат префабрикуваните монтажни контејнери? Одговори: меѓу проектните документи се наоѓа и документ со назив рамка за управување со животна средина и социјални прашања со кои се регулира односно кој и какви мерки треба да се превземат од компанијата која што ги инсталира монтажните објекти, по однос на заштита на животната средина и план за управување со социјалното окружување. Сето тоа е составен дел од договорот. Ова е набавка на стоки, а тоа се третика како набавка на било каква стока – компјутер, биро и слично.

На прашање на Јавен обвинител кој го контролира односно кој го врши надзорот во текот на инсталирање на монтажните објекти? Одговори: таков надзор нема и никој не го врши.

На прашање на Јавен обвинител Дали проектната единица согласно правилата на светска банка има некои обврски, задачи да примени или не примени одредени правила при инсталирање на монтажните контејнери?

Одговори: ние како проектна единица согласно одобрената проектната документација од светска банка не сме добиле такви насоки.

На прашање на ЈО дали проектната единица согласно нашата земја и законите на нашата земја има некакви обврски по однос на инсталирањето на монтажните контејнери? Одговори: јас тоа не знам да го кажам, за конкретната набавка тоа треба да го одговори Министерството за здравство, за што за стручниот дел односно целокупната техничка спецификација, документација и подготовка е направена од Министерството за здравство.

На прашање на ЈО дали при одобрување на парични средства во вид на заем од страна на Светска банка за проектните монуларни ковид центри во РСМ а имајќи предвид дека нашата држава има свои закони и тоа за закон за заштита и спасување за животна средина и други, односно дали се запазени нашите законски нормативи и процедури при модуларните болници? Одговори: мислам дека се запазени, а Министерството за здравство е тоа кое што треба да провери и да се осигура дека се запазени како што е целокупната постапка од самиот старт започната од Министерство за здравство иницирана и делумно спроведена од нас како помошен технички орган а во координација со Министерство за здравство. Од наша страна помошта беше само по однос на набавката на ковид центрите.

Сите процедури на Светска банка се запазени по однос на набавката, а за тоа имаме во прилог документација односно одобрение за секоја фаза од набавката од Светска банка. Исто така сакам да ви појаснам дека кога се има набавка со средства на заем од Светска банка набавките се спроведуваат согласно правилата и процедурите на Светска банка, не се преименува законот за јавни набавки на РСМ.

На прашање на јавен обвинител да ни го појасни составот на проектната единица задолжена за проект ковид за итно справување со кризата одговори дека ќе достави список со ангажирани лица во понеделник.

Испитувањето заврши во 12,15 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

М-р Бесир Алиу

**Лице кое дава потребни известувања**
Елизабета Куновска

Проектен менаџер на проектна едница при Министерство за труд и социјална политика

**Записничар**

Соња Станковиќ

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 20.09.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

## З А П И С Н И К
## ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Присутни:**

**Јавен обвинител**
Зорица Павловиќ

**Лице кое дава потребни известувања**
Маја Бундалески
Асистент за набавки во проектна едница при Министерство за труд и социјална политика

**Записничар**
Фросина Стојановска

**Лични податоци:**

**Име :** Маја

**Презиме :** Бундалески

**Име на таткото:** Борис

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted].1975 година,

**Единствен матичен број :** [redacted] идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонка

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Асистент за набавки во проектна едница при Министерство за труд и социјална политика

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во** 09,00 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум асистент за набавки во проектна единица во Министерство за труд и социјална политика, мојата работа започнува од добивањето на огласот, всушност јас не сум дел од комуникација во однос на техничката спецификација, туку јас конкретно добивам насоки од мојата менаџерка за набавки која се вика Сања Андовска, дека треба да се отпочне со набавка за монтажни контејнери. Техничката спецификација е добиена од Министерство за здравство, за која што има документ и потпис од страна на лицето која што ја подготвила. Потоа го објавуваме огласно со тоа што претходи постапка за која ние истата техничка спецификација заедно со тендерската документација ја испраќаме до Светска банка на одобрување. Откако Светска банка ја одобрува тендерската документација со самото тоа и техничката спецификација ние го објавуваме огласот за набавка на страна на Бирото за јавни набавки на нашата веб страна UNDB – UNITED NATIONS DEVELOPMENT BUSINESS, откако е објавено добиени се 4 понуди кои се отворени на јавно отварање. На јавното отварање се присутни и членови на еваулацискаta комисија која е оформена од 5 члена од страна на Министерската Јагода Шахпаска со претходно барање од страна на Министерството за труд и социјална политика до Министерство за здравство за назаначување на оваа евалуациска комисија. Еваулацисkata комисија ги еваулира понудите и им дава предлог како за најповолен понудувач при што се формира еваулациски извештај и истиот се преследува до Светска банка за одобрување. Откако истиот еваулацискиот извештај е одобрен од Светската банка, а ова е постапка за која што Светска банка дава одобрување за секој чекор од набавката, пристапено е кон известување до добавувачите за намера за склучување на договор, откако завршува тој рок за жалби од страна на понудувачите, а притоа во овој случај немајќи ниту една жалба, ниту барање за објаснување пристапено е кон подготовка на драфт договор и истиот е претходно испратен до Светска банка за одобрување. По добиено одобрување истиот е проследен и до најповолниот понудувач на нивно разгледување и откако е одобрен и од нивна страна пристапено е кон склучување на договор со компанијата која е одобрена како најповолен понудувач. Мојот дел од работата е технички дел односно спроведување на набавката според

процедурите на Светска банка со претходно одобрување на истата од страна на банката. Се склучува договор и министерката Јагода Шахпаска назначува по претходно барање од страна на Министерството за здравство назначува членови за технички прим, односно следење и имплементација на договор. Јас тука не бев член, но членовите се од Министерство за здравство и двајца од проектната единица конкретно за локацијата во Тетово се Езерка Папастереска – архитект и колегата од животна средина – Зоран Апостолски тие двајца се вработени во МТСП. Тоа е се што имам јас да кажам во врска со мојот дел од работата.

Во врска со инсталирањето на префабрикуваниот дел на монтажните контејнери сакам да кажам дека ние работиме само по техничка спецификација која што веќе е доставена од Министерство за здравство ниту се мешаме во тоа, ниту сме надлежни за тоа, ние само вршиме подготовка на тендерската документација на веќе доставена техничка спецификација од Министерството за здравство.

По однос на тоа дали проектната единица има некои обврски согласно правилата на Светска банка да примени или да не примени одредени правила при инсталирање на монтажните контејнери, можам да кажам дека единствени правила важат оние правила кои се вклучени во договорот и кои што треба да се следат, затоа што се што сме добиле од Министерство за здравство и тоа го спроведуваме, во ништо друго не се мешаме. Тоа е се што имам да кажам во врска со мојот дел од работата и во врска со оваа набавка. Целата тендерска документација која што ние ја изработивме, ја изработивме врз основа на сите документи и техничката спецификација која што веќе ни беше дадена од страна на Министерството за здравство, а теднерската документација ја изработивме за сите префабрикувани монтажни контејнери за цела територија на РСМ.

Овие набавки се третирани како стоки по напатствија на Светска банка, односно откако техничката спецификација од добивме од Министерство за здравство од Вања Андовска ја вметнавме во образец на Светска банка на тендерска документација и истата потоа ја проследуваме до Светска банка за одобрување. Со оглед на тоа дека техничката спецификација при подготовка и на тендерската документација истата се работи на примерок на Светска банка и со оглед на техничката спецификација и банката стои дека техничката спецификација треба да се изведе на примерок на тендерска документација за набавка на стоки. Одобрување е се преку меил комуникација, да тоа ќе биде документација и тоа колешката Сања Андовска ќе ви ја достави. Тоа што е доставено од Министерство за здравство во техничката спецификација тоа и се набавува, а за противпожарни апарати знам дека немаше. Вања Андова ја подготвуваше техничката документација од Министерство за здравство или архитект или градежен инженер, од нејзе имаме потпис на техничка спецификација. За техничката документација која што е испратена до Светска

банка за одобрување, јас не сум контактирала, туку мојата колешка менаџер за набавки Сања Андовска. Дали некои извршил проверки дали техничката спецификација за контејнерите е согласно стандардите на Република Македонија, одговори бидејќи јас не сум вклучена во комуникацијата за техничката спецификација помеѓу Министерство за здравство и Светска банка не би знаела да одговорам за тоа.

Дали имало некакви забелешки по однос на техничката спецификација од страна на Светска банка одговори, колку што мене ми е познато, на истата немаат забелешки.

Испитувањето заврши во 09,45 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

Зорица Павловиќ

**Лице кое дава потребни известувања**
Маја Бундалески
Асистент за набавки во проектна едница при Министерство за труд и социјална политика

**Записничар**
Фросина Стојановска

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РО бр.559/21
Скопје, 17.09.2021 година

Врз основа на чл.285 ст.3 вв со ст.1 вв со чл.212 ст.1 од ЗКП, се составува следниот

**З А П И С Н И К**

**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ДАВА ПОТРЕБНИ ИЗВЕСТУВАЊА**

**Присутни:**

**Јавен обвинител**

Ханефи Амети

**Лице кое дава потребни известувања**
Сања Андовска
Менаџер за набавки во проектна единица при Министерство за труд и социјална политика

**Записничар**
Фросина Стојановска

**Лични податоци:**

**Име :** Сања

**Презиме :** Андовска

**Име на таткото:** Виктор

**Место на раѓање :** Скопје

**Место на живеење :** Скопје, [redacted]

**Ден, месец и година на раѓање:** [redacted] 1978 година,

**Единствен матичен број :** [redacted] идентитет утврден со лична карта број [redacted]

**Телефон :** [redacted]

**Припадност на заедница :** Македонка

**Државјанство :** РСМ

**Занимање :** Менаџер за набавки во проектна единица при Министерство за труд и социјална политика

**Образование :** Високо образование

**Испитувањето на лицето започна во** 13,20 **часот.**

Согласно чл.219 ст.3 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека е должен да го извести Јавниот обвинител за промената на адресата, престојувалиштето или живеалиштето.

Согласно чл.219 ст.2 од ЗКП, присутното лице е опоменат дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, по што е предупреден дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

Согласно истиот член и став од ЗКП, а во врска со чл.216 од ЗКП, присутното лице е предупредено дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.

Прашан дали му се познати причините за неговото повикување, присутното лице изјави дека разбрал зошто е повикан, по кое Јавниот обвинител пристапи кон неговото испитување.

Јас сум менаџер за набавки на проектот за итно постапување во Ковид при Министерство за труд и социјална политика, ангажирана сум од 2004 година во истата проектна единица во Министерство за труд и социјална политика, односно јас сум економист. Елизабета Куноска проект менаџер која ми препрати меил од Министерство за здравство каде министерство за здравство бара монтажа на контејнери за да отпочнам со процесот на набавка. Процесот започнува со достава за информации до Светска банка за кои им се потребите и техничка спецификација. Техничката спецификација беше доставена по меил од Министерство за здравство на македонски јазик, им побаравме да ја преведат на англиски, ни ја доставија англиската верзија со табела.

Прво ни доставија табела со предлог буџет што им треба, во кој град, опрема, контејнери, медицинска опрема и мебел. Од таа табела, информација беше побарано од Светска банка да ни помогнат, да не советуваат како да продолжиме со набавката. Потоа ни дојде спецификацијата од Министерство за здравство, па ние ја пративме во Светска банка. Од банката ја одобрија техничката спецификација и ни дадоа насоки како да отвориме позиција во планот за набавки. Од Здравство не информираа дека има компании од Македонија кои нудат таков тип на опрема. Листата им ја пративме до банката која ни даде насоки поради големата вредност на набавката, да се објави меѓународно, а овие компании да се поканат. По одобрување на планот за набавки, започнав со подготовка на тендерска документација. Планот за набавки сочинува дали е стоки, градежни работи или консултанти – дали е предмет на набавка, проценета вредност, метод на набавка, дали е меѓународен или национален тендер и дали набавката е со претходно набавување од банката. Тендерската документација подготвувана со Министерство за здравство, а по образец од светска банка, а за сите

конкретни информации се кажани или се одобрени од здравство. Техничката спецификација е подготвена од здравство, како е дадена, така е ставена во тендерска документација, не е менувано ништо. Потоа тендерската документација се праќа во светска банка на одобрување, одобрена е и потоа е објавен повик за понуда. Во текот на процесот имаше прашање од потенцијални купувачи и сите технички детали се одговорени од Министерството за здравство Огласот е објавен во UNDB – UNITED NATIONS DEVELOPMENT BUSINESS на Биро за јавни набавки и на веб страната МТСП, добивме понуди од 4 понудувачи. Во архивата на МТСП до крајниот датум за достава на понуди се доставени 4 понуди кои се прочитани на јавното отварање, имаше и странски од надвор. Евалуционата комисија составена од Министерство за здравство и од МТСП вкупно 5 члена направија евaулација, беше подготвен евалуционен извештај кој со препорака за избор кој беше доставен до Светска банка и одобрен. Појаснувам дека евалуционата комисија е формирана на начин најпрво МТСП достави барање до здравство за номинација на членови, здравство номинираше и се формираше комисијата потпишана од МТСП, министерот Јагода Шахпаска. Пратени се известувања за намера за доделување на договор до 4 понудувачи кои доставија понуди, немаше жалби, по истекот на жалбениот период. Тука појаснувам дека во самиот извештај има препорака за избор за најповолен понудувач избрано е заедничко вложување Брако, Велес и ЈБТ Ари од Валандово, комисијата дада препорака за избор. Откако немаше жалби подготвено е известување за доделување на договор кое е доставен до избраниот понудувач со драфт договор. Драфт договор е дел од самата тендерска документација и е составен со техничка спецификација, начини и услови за плаќања, гаранција, рок, министерската го потпишува. Заедничкото вложување Брако и Ари достави гаранција од 10% од склучениот договор, потоа почна договорот да се реализира. По некое време стигна барање од Министерство за здравство, за замена на ТИП на контејнер на две локации или во една локација, односно да се смени типот на локациите. Имаше 4 типа на контејнери некои помали, некои големи, па заради локациите во одредени градови дојде до смена на величината на контејнерите. Измената на договорот е правена со Министерството за здравство и светска банка ги одобри измените. Потоа беше реализиран договорот.

Во договорот имаме услов за плаќање и испорака на стока на крај на локации. Комисијата за примопредавање е со членови од Министерство за здравство и од МТСП. При примопредавањето се членовите на комисијата и тој што го прима објектот, во конкретниот случај не сум сигурна кој е, проектната единица ќе достави докази за тоа.

На прашање на Јавен обвинител дали согласно правилата на Светска банка треба да се направат и дополнителни набавки или се направиле по однос на функционирањето и набавката на ваквиот тип на стоки -

префабрикувани монтажни контејнери за да може да функционираат таквите монтажни контејнери, одговори немаме никакви насоки од Светска банка.

На прашање на Јавен обвинител дали имаше вакви насоки од Министерство за здравство, по однос на тоа да се набават дополнителни стоки и услуги за да можат да функционираат монтажните контејнери како Ковид центар и како на пример елаборат за пожар, систем против пожари, вентилација и слично, изјави од нас не е побарано освен тоа што е наведено во техничката спецификација со доставените цртежи, а дополнително ништо не е побарано од Министерство за здравство.

На прашање на Јавен обвинител што е набавено освен овие монтажни контејнери од ваша страна за да можат да функционираат Ковид центрите, изјави набавен е мебел – болнички кревети, сталажи и слично, набавени се 17 ЕХО апарати и 17 рентген апарати.

На прашање на Јавен обвинител по чии насоки и барање, иницијативи се набавувани дополнителните стоки и услуги, а се во врска со Ковид центрите, изјави сите барања за набавки кои се однесуваат на компонента 1 здравство, меѓу кои и Модуларните ковид центри стигаат од Министерство за здравство, секое барање мора да се одобри од Светската банка.

На прашање на Јавен обвинител зошто токму техничката спецификација потекнува од Министерството за здравство, изјави затоа што они си се надлежни за дефинирање на потребите.

На прашање на Јавен обвинител дали Министерството, односно проектната единица може да ангажира стручни лица од техничката спецификација, изјави може доколку некој побара дека има потреба од истото, но во конкретниов случај не е побарано, затоа што е подготвено од лица од Министерството за здравство.

На прашање на Јавен обвинител со оглед на паричните средства во вид на заем од страна на Светска банка за проектите Модуларни ковид центри во РСМ, а имајќи предвид дека нашата држава има свои закони и тоа Закон за заштита и спасување за животна средина и други закони, дали се запазени нашите законски нормативи при постапката, изјави знам да кажам дека набавките се прават според процедури на Светка банка, а според другите закони да проверам со другите членови на тимот, односно со офицерот на животна средина Славјанка Пејчиновиќ и Зоран Апостолски.

На прашање на Јавен обвинител зошто во меѓународниот тендер е постапувано согласно правилата за набавки за стоки, а не се градежни објекти,изјави Министерството за здравство со самата достава до проектната единица на техничката спецификација во која јасно се гледа дека се бара набавка на стоки и тоа од различни типови , а не за набавка или изградба на



а.И.

градежен објект. Во насока на ова сакам да појаснам дека кога ни ја доставија техничката спецификација за набавка на префабрикуваните монтажни контејнери дополнително ни ја дополнија со дел за подготовка на подлогата на која треба да се поставаат контејнерите со нивна проценета вредност од 10%. Ова во насока на се што Министерство за здравство побара од нас како проектна единица за во насока на набавка на стоки и услуги поврзани со контејнерите ние тоа во согласно со правилата на Светска банка го набавуваме.

Испитувањето заврши во 14,35 часот. Испитувањето се одвиваше без било каков прекин.

Присутното лице, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, поучен е дека има право да го прочита записникот или да бара да му се прочита, по што записникот му беше прочитан.

**Јавен обвинител**

Ханефи Амети

**Записничар**
Фросина Стојановска

**Лице кое дава потребни известувања**
Сања Андовска
Менаџер за набавки во проектна едница при Министерство за труд и социјална политика